| IV | 117 | 112 | 5 | / | / | / | / | / | / | 4,91 |
| V | 88 | 88 | / | / | / | / | / | / | / | 4,97 |
| VI | 60 | 58 | 2 | / | / | / | / | / | / | 4,95 |
| VII | 50 | 48 | 2 | / | / | / | / | / | / | 4,91 |
| VIII | 56 | 46 | 7 | 3 | / | / | / | / | / | 4,75 |
| IX | 53 | 47 | 5 | 1 | / | / | / | / | / | 4,83 |
| **IV-IX** | **424** | **399** | **21** | **4** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,90** |
| **I – IX** | **754** | **399** | **21** | **4** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,90** |

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите, учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии и можности за стручно образование, со цел да се поттикнат за избор на идната професија. Училиштето планираше и превземаше конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, при што учениците ќе се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на професионалната ориентација.

Во првото полугодие учениците од деветтите одделенија беа во посета на приватната гимназија Алгоритам, со цел запознавање со можностите кои ги нуди ова средно училиште, за продолжување на образованието на нашите ученици. Во второто полугодие голем дел од средните училишта од град Скопје извршија промоции на училиштата и насоките и струките што ги нудат на учениците.Тоа им помогна на учениците во избор на училиште каде ќе го продолжат своето понатамошно образование.

## 15.3.Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Нашето училиште се залага да биде училиште каде што сите негови чинители ќе се чувствуваат безбедни, среќни, добредојдени, ќе може да учат и да се надоградуваат на професионален и образовен план. Во училиштето има формирано тим за спречување на насилство и истиот реализираше програма за превенција на насилно однесување, чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности.

Училиштето има училишна политика за намалување на насилното однесување на учениците во училиштето, во која се образложени начините и мерките кои ги превземаше училиштето за намалување на насилното однесување. За болестите на зависност, одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови реализираа работилници од програмата за Животни вештини. За учениците кои имаат асоцијално однесување, наставниците во соработка со стручната служба преземаат мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите, изрекување на соодветни педагошки мерки според Интерниот правилник на училиштето за награди и казни, известување до педагошката служба во МОН. **Прилог бр.25**

# 16. Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето согласно законската регулатива се реализираше на следниов начин:

| |
|---|
| ❖ **Прво тримесечје** Описно оценување од прво до шесто одделение |
| ❖ **Прво тримесечје** Бројчано оценување за учениците од седмо, осмо и деветто одделение |
| ❖ **Прво полугодие** Описно оценување од прво до шесто одделение |
| ❖ **Прво полугодие** Бројчано оценување за учениците од седмо, осмо и деветто одделение |
| ❖ **Трето тримесечје** Описно оценување од прво до шесто одделение |
| ❖ **Трето тримесечје** Бројчано оценување за учениците од седмо, осмо и деветто одделение |
| ❖ **Крај на учебната година** Описно оценување од прво до трето одделение |
| ❖ **Крај на учебната година** Бројчано оценување за учениците од четврто до деветто одделение |

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во учебната 2023/2024 година во училиштето работеше и тим составен од директор и одговорните наставници на стручните активи, одговорен за следење, анализа и поддршка на оценувањето.

- **Во учебната 2023/2024 година се реализираа следните активности:**

| | Временска рамка Следење | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |
| **Следење на реализација на часови со примена на активна настава и ИКТ** | x | x | x | x | | x | x | x | x | x | Посета на час<br>Разговор<br>Увид во дневни подготовки | Чек листа Записник фотографии | Осовременување на наставата | Тим за следење |
| **Евалуација на посетените часови на наставници од одделенска настава** | x | x | x | x | | x | x | x | x | x | Анализа на посетените часови<br>Препораки за унапредување на дејноста | Чек листа<br>Записници од одржани состаноци | Професионален развој на наставниот кадар | Тим за следење |
| **Следење реализација на додатна и дополнителна настава** | x | x | x | x | | x | x | x | x | x | Увиди во записници од додатна и дополнителна настава | Записници<br>Формулари за анализи<br>Извештаи за реализација | Подобрување на училишниот успех | Тим за следење |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | Посети на час<br>Статистички анализи | | | |
| **Евалуација на професионален развој на вработените** | x | x | x | x | | x | x | x | | x | Разговори<br>Увиди во сертификати и во наставничко досие | Професионално досие на вработените | Унапредување на компетенциите на наставниот кадар | Тим за следење |
| **Следење реализација на акциските планови од Годишната програма за работа на училиштето** | x | x | x | x | | x | x | x | x | x | Разгледување на извештаи од реализираните активности | Записници, анализи, извештаи, педагошка евиденција | Успешна реализација на Годишната програма<br>Квалитетна реализација на приоритетите на училиштето | Тим за следење<br>Училиштен одбор |
| **Следење на работата на стручните активи** | x | x | x | x | | x | x | x | x | x | Анализи и дискусии по извештаи од стручните активи | Записници, анализи, извештаи | Утврдување на подрачја за промени во текот на второто полугодие | Тим за следење |
| **Увид во водење на педагошка евиденција и документација** | x | x | | | | | | | x | x | Прегледување на педагошка евиденција и документација | Записници Извештаи | Уредно водење на педагошката евиденција и документација | Тим за следење |

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Следење и вреднување на работата на наставниците се вршеше од страна на директорот, како и од страна на надлежните лица од БРО.

Следењето и вреднувањето се однесуваше на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето, наставникот добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуација на училиштето се изработи на крајот од наставната 2022/2023 година и ги опфати учебните 2021/2022 и 2022/2023 година. По спроведената самоевалуација, училишната комисија даде извештај во кој се детектирани клучните силни страни во работењето на училиштето, како и слабите страни. За надминување на слабите страни, комисијата даде предлог мерки кои беа искористени во изработката на Развојната програма на училиштето, а во насока на подобрување и унапредување на квалитетот во работењето на училиштето.

## 17. Безбедност во училиштето

Во учебната 2023/2024 год. училиштето реализираше повеќе активности со цел да се создадат услови за пријатен и безбеден престој на учениците. Таа одговорност ја имаа сите вработени во училиштето, директорот и наставниците.
Посебна улога за заштита и безбедност на учениците во текот на наставниот ден имаа дежурните наставници кои беа определени со распоредот на наставните часови и дежурства. Дежурните наставници се грижеа за редот и дисциплината во училиштето за време на часовите и одморите, го означуваа почетокот и завршувањето на часовите. Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

- **Правилник за заштита од пожари** и **експлозии** како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.
- **План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи** во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.
- **Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи** во кој се пропишани правилата за постапување во случај на евакуација.
- **План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.**
- **Кодекс на однесување за учениците, наставниците, родителите и надворешни лица** и **Куќен ред.**
- **Протокол за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запоставување во училиште**
- **Упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување**
- **Распоред на дежурства на наставниците** истакнат на видно место. Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на одморите се води грижа за безбедноста на учениците.
- **Физичко обезбедување и видео надзор**
- Активностите за заштита и безбедност на учениците се координирани со институциите во локалната заедница: Министерството за внатрешни работи - Полициска станица Беко, Општина Центар, Центарот за социјални грижи.

## 18. Грижа за здравјето

Главна цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, физички и социјално здрава личност, способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина.

Грижата на здравјето на учениците во учебната 2023/2024 година опфати и реализација на програмата за вакцинација на учениците, систематски прегледи, стоматолошки прегледи...

Активностите од ова подрачје беа насочени кон оспособување на учениците за заштита и унапредување на здравјето, преку развивање на свесност за значењето на психофизичкото здравје на човекот и зголемување на личната и колективна одговорност.

**Програмски содржини:**

- осигурување на учениците
- редовни систематски прегледи, вакцинации и стоматолошки прегледи
- одржување на хигиената во училиштето
- одржување на хигиената на рацете (како правилно се мијат рацете)
- организирана исхрана на учениците
- организирање на спортски активности
- конструктивно решавање на конфликтите, развивање на соработката
- развивање на училишна атмосфера на сигурност и поддршка
- поставување на кутии за прва помош пред секоја училница

Конкретните содржини се реализираа низ редовната настава, часот на одделенскиот раководител и слободните активности.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Училиштето во учебната 2023/2024 година, водеше огромна грижа за хигиената во училишниот објект. Пред почетокот на учебната година во училиштето се изврши дезинфекција на училниците и останатите простории во училиштето. Ходниците се чистеа редовно во текот на денот. Зелената површина во училишниот двор се одржуваше секојдневно од страна на техничкиот персонал.

### 18.2. Систематски прегледи

Во соработка со Здравствен дом Бит пазар се реализираа редовните систематски прегледи. Одговорни наставници се одделенските раководители, во соработка со стручните соработници.

Стоматолошките прегледи се реализираа во соработка со Поликлиниката Идадија. Одговорни наставници се одделенските раководители, во соработка со стручните соработници.

### 18.3. Вакцинирање

Во соработка со Здравствен дом Бит пазар се реализираше календарот на имунизација и вакцинација. Одговорни наставници се одделенските раководители, во соработка со стручните соработници.

- **Табеларен приказ на РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Активност | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|
| **Редовно одржување на хигиената на училници, ходници и училиштен двор** | 9.2023-6.2024 | .Технички кадар |
| **Стоматолошки систематски прегледи и залевање на трајни заби на ученици од седмо одделение** | 19-20.9.2023 | Др.Кети Бучкоска-Матеничарска<br>Асс.мед.Елизабета Петровиќ |
| **Стоматолошки систематски прегледи и залевање на трајни заби на ученици од шесто одделение** | 9-10.10.2023 | Др.Кети Бучкоска-Матеничарска<br>Асс.мед.Елизабета Петровиќ |
| **Редовни прегледи на личната хигиена на учениците** | 10- 12.10.2023 | Одделенски раководители |
| **Осигурување на учениците** | 8.10.2023 | Комисија за осигурување, Одделенски раководители, Секретар |
| **DI-TE-PER вакцинација за учениците од вторите одделенија** | 9-10.10.2023 | Поликлиника –Бит пазар, Детски Диспанзер; родители на ученици |
| **Организирана исхрана на учениците, дефинирање на прикладно мени според современи нутриционистички норми** | 15.10.2023 | Наставници – актив на прво одд. |
| **Систематски преглед и MRP вакцина за учениците во прво одд.** | 19.10.2023 | Поликлиника – Бит пазар, Детски Диспанзер; одд. раководители и родители на ученици |
| **HPV вакцина за учениците од седмите одделенија** | 28.11.2023 | Поликлиника –Бит пазар, Детски Диспанзер; родители на ученици |
| **Систематски стоматолошки преглед за учениците од Vб и Vв одд.** | 21-24.11.2023 | Поликлиника Идадија |
| **Систематски стоматолошки преглед за учениците од Vа одд.** | 4.12.2023 | Поликлиника Идадија |
| **REVAXIS вакцинација за учениците од деветите одделенија** | 22.12.2023 | Поликлиника –Бит пазар, Детски Диспанзер; родители на ученици |
| **Систематски стоматолошки преглед за учениците од IVв и IVг одд.** | 30.1.-2.2.2024 | Поликлиника Идадија |
| **Систематски стоматолошки преглед за учениците од III одделение** | 20- 23.2.2024 | Поликлиника Идадија |
| **DI-TE-PER вакцинација за учениците од II од VI одделение кои претходно не се вакцинирале** | 7.2.2024 | Поликлиника –Бит пазар, Детски Диспанзер; родители на ученици |
| **DI-TE-PER вакцинација за учениците од I до VI одделение кои претходно не се вакцинирале** | 7.3.2024 | Поликлиника –Бит пазар, Детски Диспанзер; родители на ученици |
| **DI-TE-PER вакцинација за учениците од VI до VIII одделение кои претходно не се вакцинирале** | 8.3.2024 | Поликлиника –Бит пазар, Детски Диспанзер; родители на ученици |
| **Систематски преглед за учениците од третите одделенија** | 15.3-20.3.2024 | Поликлиника –Бит пазар, Детски Диспанзер; родители на ученици |

| | | |
|---|---|---|
| **Систематски стоматолошки преглед за учениците од II одделение** | 19.3.- 22.3.2024 | Поликлиника Идадија |
| **Систематски преглед за учениците од петтите одделенија** | 21.3.-25.3.2024 | Поликлиника –Бит пазар, Детски Диспанзер; родители на ученици |
| **Систематски преглед за учениците од седмите одделенија** | 26.3.-27.3.2024 | Поликлиника –Бит пазар, Детски Диспанзер; родители на ученици |
| **Предавања за хигиена на забите од Стоматолошки факултет и др.Сања Смилевска-стоматолог од поликлиника Идадија** | 29.3.- 3.4.2024 | Стоматолошки факултет Скопје |
| **Систематски стоматолошки преглед за учениците од I одделение** | 19.4.2024 | Поликлиника Идадија |
| **Систематски стоматолошки преглед за учениците од I одделение** | 13.5.2024 | Поликлиника Идадија |
| **Градба и функција на орална празнина Правилна исхрана и внес на шеќери- презентација во прво одделение** | 5.6.-7.6.2024 | Поликлиника Идадија |
| **Градба и функција на орална празнина Правилна исхрана и внес на шеќери- презентација во четврто одделение** | 5.6.-7.6.2024 | Поликлиника Идадија |

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Исхраната во училишната кујна беше организирана со почитување на протоколите донесени од МОН за операторите со храна.
Активностите од ова подрачје беа насочени кон едукација на учениците за заштита и унапредување на здравјето, преку развивање на свесноста за значењето на психофизичкото здравје на човекот и зголемување на личната и колективна одговорност**.**
Наставниците во своите планирања интегрираа содржини за здрава храна и ги реализираа на одделенските часови, редовните часови и воннаставните активности.

# 19.Училишна клима

## 19.1. Дисципина

Во учебната 2023/2024 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени, тежнееја кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Нормативното уредување во училиштето се реализира преку имплементација на повеќето правилници и акти: Куќен ред, Кодекс на однесување на учениците, Кодекс на однесување на наставниците, Кодекс на однесување на родителите, Правилник за педагошки мерки. Училиштето водеше посебна грижа за почитувањето на етичките кодекси од страна на сите структури и тоа: директорот, наставниците, родителите на учениците, службениците во институциите надлежни за Образованието на државно и на локално ниво.

На почетокот на учебната година се определи распоред на дежурни наставници од редовите на одделенска и предметна настава кои ќе се грижат за дисциплината пред и по часовите, како и за време на одморите. За надминување на проблемите во поведението и дисциплината континуирано се водеа разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и со родител со цел подобра дисциплина и воспоставување на работната атмосфера на часовите. Со своите активности во рамките на ученичките заедници учениците земаа активно учество во иницирање, изготвување и донесување на наведените кодекси и правилници.

Воспитно образовниот процес во училиштето се одвиваше според Кодексите на однесување на учениците, наставниците и родителите. Училиштето постапуваше според Правилниците во кои се предвидени и постапките кои ќе се превземаат при пофалување, наградување, како и при непочитување на правилата пропишани со кодексите.

## 19.2.Естетско и функционално уредување на просторот

Во учебната 2023/2024 година во училиштето се водеше грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Во сите училници за ентериерот се грижеа наставниците и учениците, додека за уредувањето на холот и ходниците одговорен е Тимот за естетско уредување. Во училиштето исто така се водеше грижа и за училишниот двор, се одржуваат зелените површини и поставените клупи. Тоа е грижа на сите вработени кои во одредени периоди на учебната година, преку организирани акции заедно со учениците придонесуваат за убавиот изглед на училиштето. **Прилог бр.24**

## 19.3.Етички кодекси

Во училиштето се применува усвоениот Етички кодекс за однесувањето на наставниците и стручните соработници. Се гради атмосфера на заемно почитување и соработка на сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Согласно Законот за основно образование и интерните Правилници за однесувањето во училиштето, поставени се основните принципи и правила за успешно одвивање на воспитно-образовната

работа, подобрување на работната дисциплина и безбедноста. Посебно се нагласува потребата од соработка, постапност и конструктивност во пристапот на решавање на различните прашања и проблеми од училишниот живот. **Прилог бр.27**

## 19.4.Односи меѓу сите структури

Во рамките на своите активности, стручните соработници организираа индивидуални средби и разговори  со вработените, родителите и учениците за подобрување и одржување на добри меѓучовечки односи и меѓусебна комуникација, доверба и соработка. Во контекст на ова ќе бидат организирани и разни начини на дружење и соработка. Нивото на соработка со родителите  го одржуваат сите наставници, а посебно одделенските раководители, со помош и поддршка на стручните соработници и директорот. Односот помеѓу учениците и наставниците, како и со останатите вработени, наставниците го одржуваат исто така со помош и поддршка на стручните соработници и директорот. **Прилог бр.28**

# 20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## 20.1.Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој се утврдуваа на состаноците на Стручните активи пред почетокот на учебната година.

На почетокот на учебната година од БРО беше испратен каталог со акредитирани обуки за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Секој наставник според своите потреби и искуства се определи која обука ќе ја следи.

Во функција на професионалниот развој на наставниците, по обуките се организираше размена на искуства во рамките на активите.

## 20.2.Активности за професионален развој

Наставниците постојано превземаат активности за својот професионален развој. Тие на почетокот на учебната година испланираа различни активности за својот професионален развој кои ќе се реализираат преку организирање на обуки, семинари, работилници за кои имаат потреба наставниците, и стручните соработници и изготвија акциони планови за истите. Обуките кои ги посетија наставниците и стручните соработници ова учебна година, а во рамките на нивниот професионален развој се претставени **во прилог бр.23**

## 20.3. Личен и професионален развој

Во училиштето се планираше и спроведуваше поединечно следење на напредувањето на наставниците и нивното вреднување преку работата на тимот за ,,Професионален развој на наставниците во училиштето,“ како и следењата од страна на директорот и стручните соработници во училиштето преку посета на часови и доставениот педагошки картон. Врз основа на добиените повратни информации од извршената самоевалвацијата на училиштето, како и врз основа на извештаите од посетени часови, наставниот кадар, стручните соработници и директорот ги идентификуваа слабите и јаките компетенции преку скалата за самопроценка. Секој од нив изработи Личен план за професионален развој, така што компетенциите се имплементираа во Планирањата на стручните активи на училиштето.

## 20.4. Хоризонтално учење

Во нашето училиште се креира училишна политика за хоризонтално учење, имајќи предвид дека истото е особено важно за подобрување на квалитетот на наставната дејност. Во оваа смисла, се планираат и реализираат повеќе активности. Имено, се практикуваат различни начини за пренесување и размена на знаењата и професионалното искуство. Се негуваат форми за поттикнување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците, преку одржување ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки со цел зголемено взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација, почитувајќи го мислењето на секој поединец.

## 20.5.Кариерен развој на воспитно - образовниот кадар

Во училиштето се поддржува професионалниот и кариерниот развој на наставниците, затоа што тоа придонесува за развој и напредок на целото училиште. Процесот на кариерен развој на наставниците, се одвива во три дела: приправнички период, период кога наставникот/стручниот соработник работи самостојно и период каде што се напредува во звање наставник/стручен соработник-ментор и наставник/стручен соработник-советник. Воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со:

1. Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот
2. Професионалните стандарди за наставник-ментор
3. Професионалните стандарди за наставник-советник

Во рамките на кариерен развој во нашето училиште има еден наставник кој е избран за наставник - ментор.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето се остваруваше на две нивоа и тоа на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Семејствата и родителите на нашите ученици во учебната 2023/2024 година беа редовно и навремено информирани и вклучени во сите активности кои ги планираше и реализираше училиштето. Родителите редовно се информираа за работењето на училиштето преку индивидуалните и групни родителски средби, како и на седниците на Советот на родители. Со цел подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на учениците, училиштето ги вклучуваше родителите за надминување на пројавените проблеми.

Преку соработката на одделенскиот наставник, родителите навремено беа информирани за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектираните проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаа увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето. **Прилог бр.21**

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонваставните активности

Во учебната 2023/2024 година, родителите електронски преку е – дневник, мејл адресите и вибер групите кои ги формираа заедно со одделенските и предметни наставници се известуваа за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на учениците. На веб-страницата на училиштето родителите транспарентно се информираат за термини и консултации со наставниците, за индивидуалните напредувања на учениците по одделни наставни предмети. Во соработка со нив, се посвети внимание на учениците за надминување на пројавените проблеми. Во соработка со одделенските и предметните наставници, родителите навремено се информираа за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализацијата, адаптацијата и детектираните проблеми на учениците.

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е взаемна. Многу често родителите соработуваат со училиштето како едукатори со свои предавања од областа за кои се компетентни, па така се организираа предавања од областа на медицината, стоматологијата, сообраќајот, етиката, културните обичаи и слично. Но, од друга страна и училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (професионална ориентација, семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси, инклузија на ученици со ПОП и слично). Подигање и развивање на педагошката култура на родителите се врши преку организирање на стручни презентации, и соработка со родителите во организацијата на активностите и приоритетите на училиштето. Во текот на учебната година психологот на училиштето вршеше советување на родителите според Програма за советување, советодавна работа со родителите (индивидуална и групна) која се одвиваше преку вклученост на стручната служба, одделенските раководители, а по потреба и директорот на училиштето

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

**Локална заедница** (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)
Училиштето ја унапредува и продлабочува соработката со Општина Центар. Претставниците во училишниот одбор од Општината присуствуваа на јавни настани кои ги реализираше училиштето, ја следеа дејноста на училиштето, учествуваа во работата на Училишниот одбор.

| Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|
| Свечена приредба по повод приемот на првачињата | 1. 9.2023 | директор, наставници, ученици, родители, претставници од општина Центар |
| Учество во детска работилница „Маалски фестивал“ | 21.9.2023 | Општина Центар и културен центар Јадро, наставници, ученици, родители |
| Одбележување на Светски ден на учителот и свечено доделување на сертификати на наставниците од осумте училишта од општина Центар за успешно завршените обуки за булинг во основните училишта | 5.10.2023 | Градоначалник на општина Центар, претставници од општината, наставници |
| Одбележување на Детска недела под мотото ,,Среќно дете” | 1- 5.10.2023 | Општина Центар, директор, наставници, ученици |
| Свечен прием на првачињата во Детската организација | 5.10.2023 | Општина Центар, наставници, ученици, родители |
| Учество во креативна работилница во Национална галерија на Македонија | 5.10.2023 | наставници, ученици од Vодд. |
| Учество во симулациска вежба „Хуманитарен одговор 2023“ | 12.10.2023 | Црвен крст на Р.С.Македонија, наставници, ученици |
| Учество во работилница со ТТК банка по повод месецот на штедењето | 31.10.2023 | ТТК банка, наставници, ученици од III одд. |
| Одбележување на денот на општина Центар и свечено доделување на стипендии на најуспечните ученици од областа на науката и културата | 3.11.2023 | Градоначалник на општина Центар, претставници од општината, наставници, ученици, родители |
| Учество во акцијата за собирање хуманитарна помош (прехрамбени продукти) за социјално загрозени семејства под мотото „Помислете и на нас“ а во рамки на кампањата „Денови на гладта“ | 6-10.11.2023 | Црвен крст на Р.С.Македонија, наставници, ученици |
| Учество во Квизотека на град Скопје | 16.11.2023 | ДКЦ, наставници, ученици |
| Посета на собрание на Р.С.Македонија | 23.11.2023 | Парламентарен институт, наставници, ученици |
| Посета на Управа за Хидрометеоролошки работи | 24.11.2023 | Управа за Хидрометеоролошки работи, наставници, ученици |
| Учество во Детската ликовна изложба "Нашата традиција - наша инспирација“ | 26.11.2023 | Музеј на Македонија, наставници, ученици од IV одд. |
| Посета на општина Центар и градоначалник на општината | 26.11.2023 | наставници, ученици од IV одд. |
| Посета на дневниот Центар за Церебрална парализа | 4.12.2023 | наставници, ученици од II одд |
| Посета на собрание на Р.С.Македонија | 12.12.2023 | наставници, ученици од III одд |

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: oоukirogligorov@yahoo.com

| | | |
|---|---|---|
| Новогодишно – хуманитарен базар – продажба на слики | 13.12.2023 | наставници, ученици, директор, стручни соработници |
| Новогодишно – хуманитарен базар – продажба на изработки од ученици | 20.12.2023 | наставници, ученици, директор, стручни соработници |
| Следење на театарската претстава „Каде е Дедо Мраз?“ | 21.и 25.12.2023 | наставници, ученици од I-III одд. |
| Следење на инклузивната претстава „Сеќавања“ | 25.12.2023 | наставници, ученици |
| Следење на театарската претстава „Работилницата на Дедо Мраз“ | 26.12.2023 | наставници, ученици од IV одд. |
| Новогодишен базар | 26.12.2023 | наставници, ученици, родители |
| Новогодишен хуманитарен хепенинг | 27.12.2023 | наставници, ученици |
| Посета на дневниот Центар за Церебрална парализа | 28.12.2023 | Директор, специјален едукатор и рехабилитатор наставници, ученици, |
| Игровити активности со прв Скопски Извиднички одред | 9.2.2024 | наставници, ученици од II одд |
| Правилно држење на телото - предавање од родител доктор (ортопед). | 20.2.2024 | наставници, ученици од I одд |
| Интервју со градоначалникот на Општина Центар, Горан Герасимовски по повод денот на мајчиниот јазик | 21.2.2024 | наставници, ученици од новинарската секција |
| Посета на Центарот за деца со церебрална парализа - работилница по повод одбележување на 25 Март-ден за подигање на свеста за церебрална парализа | 25.3.2024 | наставници, ученици од II одд |
| Посета на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – Порака | 25.3.2024 | Психолог, наставници, ученици од VII одд |
| Следење на драмската претстава за деца и млади ,,Ех да можам…“ | 26.3.2024 | Здружение Проект Среќа, наставници, Директор, педагог |
| Учество на забавно - едукативниот квиз ,, Мислотека" во Македонската Радио Телевизија | 26.3-12.4.2024 | наставници, ученици од IV,V,VI одд |
| Посета на изложбата на легендарниот италијански фудбалер Паоло Роси | 9.4.2024 | наставници, ученици од IV одд. |
| Посета на Македонскиот Народен Театар | 17.4.2024 | наставници, ученици од V одд |
| Одбележување на петтиот јубилеен патронен празник | 19.4.2024 | Градоначалник, Директор, наставници, ученици |
| Учество на ликовен конкурс ,,Како сакате да изгледа вашата општина во иднина“ | 17.5.2024 | Градоначалник, Директор,наставници, ученици |
| Работилница на тема „Кликај безбедно“ спроведена од претставници на мобилен оператор А1 | 22.5.2024 | наставници, ученици од IV одд |
| Доделување на наградите за најуспешни наставници и стручни соработници и првенци на генерацијата по повод денот на македонските просветители „Св.Кирил и Методиј’’ | 22.5.2024 | Градоначалник, Директор, наставници, ученици |
| Посета на Комерцијална банка (филијала Буњаковец). | 22.5.2024 | Наставници, ученици од II одд |
| Работилница на тема „Моите емоции“: Како да се справам со лутината и бесот | 23.5.2024 | Наставници, ученици од IV одд |

| | | |
|---|---|---|
| Посета на Зоолошка градина | 23.5.2024 | Наставници, ученици од II одд |
| Посета на Меморијален центар на холокаустот на Евреите во Македонија-завршен настан на проектот “Наследство и традиција, минатото раскажано денес” | 29.5.2024 | Наставници, ученици |
| Разгледување на Стара Скопска Чаршија, посета на неколку занаетчиски работилници (ковачка, лимарска и резбарска), женското средно училиште во Капан Ан, Скопско Кале, ќебапчилница „Турист“ . | 6.6.2024 | Наставници, ученици од IV одд |
| Посета на Хеликоптерската единица на МВР. | 12.6.2024 | Наставници, ученици од III одд |

## Институции од областа на културата

И во учебната 2023/2024 година, училиштето ја продолжи својата соработка со: културните институции на ниво на град Скопје, училиштата од Општината Центар, како и со училишта од другите општини на ниво на градот Скопје и надвор од него, со Општината Центар, БРО, МОН, ДИЦ, Државен просветен инспекторат, Сектор за основно образование, разни организации кои делуваат во околината.

## Институции од областа на образованието

Во учебната 2023/2024 година, училиштето соработуваше со МОН, БРО, ДПИ, Сектор за основно образование како дел од Општината, актив на директори на ниво на Општина Центар, детски градинки, други основни и средни училишта и факултети и др.

| Институции | Теми и проблеми | Стратегии/ Начини на комуникација | Одговорни |
|---|---|---|---|
| **Министерство за образование и наука** | Законски регулативи<br>Решенија за наставни планови и програми Упатства, формулари<br>Согласности за вработување<br>Календар за работа за учебната година<br>Проекти | Дописи, Извештаи, Електронска комуникација | Директор |
| **Биро за развој на образованието (БРО)** | Реализација на наставни програми<br>Учество на семинари и обуки | Дописи, извештаи Електронска комуникација Работилници | Директор, Стручни соработници, Наставници |
| **Државен просветен инспекторат** | Доследно спроведување на законската регулатива.<br>Уписи на првачиња<br>Водење на Педагошка евиденција и документација<br>Водење на Е-дневник | Дописи, извештаи Електронска комуникација Увиди, состаноци, Разговори | Директор, Секретар Стручни соработници |

### Невладини организации

И оваа учебна година училиштето беше отворено за соработка и со невладини организации како што се: Детска амбасада, СОС - центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др.

### Спортски друштва

Во текот на учебната 2023/2024 година, училиштето соработуваше со:

- КК *Работнички*
- *Здружение на граѓани Б.С. Балерина*
- К.К.ЖКК *Вардар*
- Здружение за модерни танци *EAT THE BEAT*
- КМГ *ГроупСпорт*
- О.К.*Газели-Волеј*

### Здравствени организации

Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените, училиштето во учебната 2023/2024 година, соработуваше со следните здравствени организации:

1. Школска амбуланта Бит пазар
2. Стоматолошка ординација – Идадија
3. Завод за јавно здравје
4. Центар за социјални работи
5. Фонд за здравство
6. Осигурителни компаниии
7. Завод за ментално здравје

**Медиуми** (со цел на промоција на училиштето)

Нашето училиштето става голем акцент на медиумска покриеност на активностите во училиштето. Училиштето има своја веб-страница која редовно се ажурира, а информациите се споделуваат и на Фејсбук страната на училиштето.

# 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорни/лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **1.Поддршка на учениците** | во текот на целата учебна година | директор, педагог | директор, стручни соработници и одговорни лица на тимови |
| **2.Управување и раководење** | во текот на целата учебна година | директор, педагог | директор, стручни соработници и одговорни лица на тимови |
| **3. Соработка со родителите и локалната средина** | во текот на целата учебна година | Директор, педагог | директор, стручни соработници и одговорни лица на тимови |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Во текот на учебната 2023/2024 година, училиштето ги реализира и спроведе планираните активности, а воедно и вршеше следење и евалуација на акциските планови до крајот на учебната година. Во училиштето се поттикнува соработката помеѓу наставниците на тој начин што севкупната работа на училиштето е организирана преку работата на тимови кои одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки. Помеѓу тимовите постои отворена комуникација, взаемно почитување и соработка преку организирање состаноци на кои се овозможува конструктивно решавање на проблемите, при што се почитува мислењето на секој поединец.

Во текот на училишната 2023/24 година во рамките на училиштето функционираа следните тимови

| | ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДГОТОВКА, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ И АКЦИОНИТЕ ПЛАНОВИ 2023/2024 година | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | Следење | | | | |
| **Тимови кои работат во училиштето** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | **Носител** | **Начин на спроведување(ресурси)** | **инструменти** | **очекувани резултати** | **одговорно лице** |
| **Детска организација** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | Начинот на спроведување и потребните ресурси за активностите се наведени во посебните акциони планови за работа на тимовите | Инструментите се наведени во посебните акциони планови за работа на тимовите | Очекуваните резултати за активностите се наведени во посебните акциони планови за работата на тимовите | **директор**<br>**стручни соработници** |
| **Тим за естетско уредување на училиштето иучилишниот двор** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Ученичко-училишна заедница** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Стручен актив на одделенска настава** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Тим за организирање на ученички екскурзии** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Црвен крст** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Еко тим** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Тим за подобрување на следењето на планирањето на наставата и наставниот процес** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Тим за подобрување на примената на стекнати знаења од обуките** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Програма за работа со надарени ученици** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Тим за подобрување на квалитетот на додатна и дополнителна настава** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Тим за подобрување и продлабочување на соработката со родителите** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Тим за професионален развој на наставниците во училиштето** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Тим за инклузија на учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Тим за меѓуетничка интеграција во образованието** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Тим за превенција од насилното однесување во училиштето** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |
| **Тим за увид во педагошка евиденција и документација** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | претседател на тим | | | | |

## 25. Заклучок

Ние како образовна установа целиме кон почитување на соработката, отвореноста, одговорноста и ориентираноста кон иднината. Нашиот досегашен успех е резултат на квалитетна работа која е насочена кон остварување на поставените цели, визијата и мисијата и преку активно вклучување на сите субјекти. Во нашето училиште посебен акцент се става кон учество во проектни и вонннаставни активности кои се во насока на унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и почитување на различностите. Во таа насока остануваме транспарентни во работењето и отворени за соработката со локалната средина, општината, меѓународните организации, невладините организации преку разни проекти, хуманитарни акции и разни други активности. Препознатливи сме по дигиталниот беџ доделен од страна на Европската Комисија кој преставува потврда дека училиштето учествувало во СЕЛФИ студијата на примена на дигитални и инклузивни алатки. Професионалниот развој на наставниците се темели врз постојано учење и усовршување во текот на работата, како и преку работа и учење едни со други со што се обезбедува размена на знаењата и нивна практична и директна примена. Раководниот кадар води сметка за транспарентно, контролирано и добро спроведувано финансиско работење. Се води евиденција за постојните и потребните наставни средства и помагала и се одредуваат приоритетните потреби. На учениците секогаш им се отвораат можности да направат избор за учество во вонннаставни и проектни активности, секции, спортски клубови и сл. според своите желби и можности и постојано се поттикнуваат за учество на натпревари. Голема е посветеноста на наставниците кон талентираните и надарените ученици, како и кон оние на кои им е потребна дополнителна помош преку организиран план за посета на дополнителна настава.

Особено нè радува квалитетната и продуктивна соработка со родителите, а преку сите активности спроведени во и вон училиштето успеваме успешно да се промовираме во јавноста преку различни електронски и печатени медиуми. Вниманието беше насочено кон тоа: како учениците ги применуваат стекнатите знаења и вештини во реални животни ситуации преку користење на современи наставни средства и материјали, поттикнување за учество во вонннаставни активности, проекти, натпревари, учење по пат на решавање проблеми, истражување, креативност, одговорност, критичко размислување, развивање емпатичност, мултикултурализам и соработка. Констатираме дека планираните активности во учебната 2023/2024 г. во голема мера се реализираа според Годишната програма.

**ПРИЛОГ БР.1**

## Извештај за работата на директорот во учебната 2023/2024 година

Директорот на училиштето во согласност со законските прописи и статутот на училиштето, обавува раководна функција која бара темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето. Директорот го води училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитетот на наставата и целокупното работење на училиштето.

| Подрачје на работа | Начин на реализација | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| **1. Програмско – концепциско**<br>**1.1. Учество во изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето**<br>**1.2. Учество во изработка на Програмата за екскурзии**<br>**1.3. Изработка на Полугодишниот и годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година**<br>**1.4. учество во изработка на Развојната програма на училиштето 2024-2028 година**<br>**1.5. Распределба на часови по наставни предмети, одделенски раководители, формирање тимови за конкретни работни задачи, комисии и слично**<br>**1.6. Координирање при изготвување организациски распоред и проширена програма**<br>**1.7. Распоред за реализирање на слободни ученички активности, додатна и дополнителна настава** | Идеи, анализи, заклучоци<br>Планирање, собирање податоци, советување, анализа<br>Планирање и реализирање<br>Планирање и реализирање<br>Анализа и заклучоци<br>Информирање, организирање, реализирање<br>Планирање и реализирање | август<br>август<br>јануари/јуни<br>септември<br>септември<br>септември<br>септември | наставници<br>аставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br>наставници<br>наставници<br>наставници<br>наставници, стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.8.Проучување и анализа на Глобалните тематски планирања на наставата**<br>**1.9.Изготвување план за стручно усовршување на наставниот кадар и негова реализација (Организирање на учество на семинари за стручно усовршување на наставниците)**<br>**1.10.Формирање на комисија за упис на првачиња** | Планирање и реализирање<br>Планирање и реализирање | септември<br>Мај | наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници |
| **2. Следење на организацијата и реализацијата на воспитно образовната и другата стручно педагошка работа во училиштето**<br>**2.1. Увид во планирањата на наставниците**<br>**2.2. Увид во планирањата за дополнителна, додатна и воннаставни активности и нивна реализација**<br>**2.3.Увид во е - дневникот**<br>**2.4.Следење на реализирање на наставата - констатации од увидот на реализација на наставниот час -реализирани посети на час во паралелки од одд.настава**<br>**2.5. Разгледување на програмите на менторите и насоки на приправниците во секојдневната работа (во изготвување на годишните, тематските и дневните планирања и реализација на наставата)** | Увид, следење, анализа, заклучок<br>Увид, следење, анализа, заклучок<br>Увид, следење, анализа, заклучок<br>Увид, следење, анализа, заклучок<br>Увид, следење, анализа, заклучок<br>Увид, следење, анализа, заклучок | во текот на целата учебна година<br>во текот на целата учебна година<br>во текот на целата учебна година<br>во текот на целата учебна година<br>во текот на целата учебна година<br>октомври, ноември, април, јуни | наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br>наставник-ментор. наставник-приправник, стручни соработници |
| **3. Работа со стручни органи и тела во училиштето** | изготвување извештаи, почитување на законски акти | во текот на целата учебна година | наставници, стручни соработници , секретар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.1 Следење на законската регулатива со кои се утврдени основите на програмите за работа на стручните органи**<br>**3.2 Наставничкиот и Одделенскиот совет, Стручните активи, одделенските раководители и стручните соработници.**<br>**3.3 Планирање и реализација на работата на:**<br>**- Наставничкиот совет**<br>**- Одделенските совет** | изготвување извештаи, почитување на законски акти | во текот на целата учебна година | наставници, стручни соработници |
| Како селектираме отпад, компостирање, активности, собирање на листови и средување на дворот на училиштето | Есенско-зимска -еко акција. Декември 2023 | Развивање интерес за придобивките од правилната селекција на биоразградливиот отпад и негово претварање во органско ѓубриво – компост. | Учениците од VIII и IX и наставници | Активно собирање на листови, органски отпад. | Преку едукација се подигна еколошката свест кај учениците. |
| Одбележување на 29 Декември Меѓународен ден на биодиверзитетот. | 29 .12.2023 | Запознавање со природните богатства и создавање Еко свест со цел да се зачува и животната средина; | Одделенски и предметни наставници | Изработување на Новогодишни честитки од рециклирани материјали | Развивање правилен однос кон природата |
| Меѓународен ден на влажни живеалишта | 2.2.2024 | Запознавање со поимот влажни живеалишта и каде ги има истите во Македонија | предметни наставници | Презентација, разгледување на научни трудови и обележување на нема карта како и покажување на географска карта | Потикнување за истржување и собирање на податоци од научни трудови и списанија |
| Светски ден за заштеда на енергијата | 5.3.2024 | Учениците да ја подигнат свеста за рационално користење на енергија да ги разберат бенефитите на алтернативните извори на енергија | Одделенски и предметни наставници | Работилница | Учениците ги потикнуваме да истражат како со рационалното користење на енергија се намалува загадувањето на природата |
| Светски ден на врапчињата | 20.3.2024 | Запознавање и распознавање на различните видови врапчиња кај нас и пошироко | Одделенски наставници активи I, II, III, IV одд | Цртежи слики и работни листови за градба и карактеристики на врапчињата | Набљудување и забележување на ситни разлики способност за заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одбележување на денот на екологијата | 21.3.2024 | Учениците да се запознаат со важноста и вредноста на екологијата за природата | Одделенски и предметни наставници | Училница, табла/ интернет конференција; Работилница: уредување на дворот, училниците со цвеќе | Создавање позитивно еколошко однесување во однос на хигиена и Отстранување на отпадоци собирање и класификација на производите на посебно означени места |
| Светски ден на водата | 22.3.2024 | Учениците да се запознаат со важноста и значењето на водата | Одделенски и предметни наставници | Училница, табла/ интернет конференција; Работилница | Одговорно трошење на водата како најзначаен фактор за сите живи организми |
| Светски ден на мечката | 23.3.2024 | Запознавање со адаптации на мечката и поимот хибернација | Ученици од VIII и IX одд. | Цртежи слики и работни листови за градба и карактеристики на мечката | Набљудување и забележување на ситни разлики способност за заклучоци |
| Светски ден на здравјето | 7.4.2024 | Подигнување на свеста кај учениците за заразни болести и како да се заштитат | Одделенски и предметни наставници | Училница, табла/ интернет Конференција; Работилница | Учениците да ги осознаат сите заразни болести и превеција од истите |
| Светски ден на Планетата Земја | 22.4.2024 | Подигнување на свеста кај учениците за природата и негувањето на палнетата | Одделенски и предметни наставници | Проследување на видеа, изработка на пораки и картички | Развивање на еколошка свест |
| Светски ден на птиците преселници | 13.5.2024 | Проширување на основното знаење за птиците преселници | ученици и актив на I II III одд | Работни листови од МЕД со податоци и цртежи од птици преселници кои можат да ги видат кај нас | Разбирање на значење на миграциите на птици низ целиот свет |
| Светски ден на желките | 23.5.2024 | Проширување на основното знаење за желките | Ученици од VIII и IX одд. | Разгледување на слики од различни видови на желки и забележување на нивните разлики | Запознавање со видовите на желки во блиската околина |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Светски ден на националните паркови | 24.5.2024 | Запознавање со законите во националните паркови и нивната местоположба | Ученици од VI, VII, VIII и IX одд. | Поврзување на картички од траги на диви животни и запишување на нема карта каде се простираат националните паркови | Развивање на свест за значењето на националните паркови во Македонија од |
| Светски ден на заштита на околината и животната средина | 5.6.2024 | Ширењето на индустријализацијата, напредокот на технологијата и факторите предизвикани од човечкото делување, имаат деструктивни последици врз природата и околината | Одделенски и предметни наставници | Презентации и дискусија за позитивното и негативното однесување на човекот кон животната средина | Грижливо однесување  кон животната  средина |
| Меѓународен ден на рисот | 11.6.2024 | Проширување на основното знаење за рисот и неговиот опстанок | Ученици од V, VI, VII, VIII одд. | Следење на видеа и белешки од стручни списанија | Запознавање со важноста на сите видови за зачувување на биолошката рамнотежа |

**Одговорен наставник: Јасмина Драгеска**

**ПРИЛОГ БР. 17**

## Годишен извештај од реализираните активности од проектот

### „Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем“

ООУ „Киро Глигоров “ – Општина Центар , Скопје е вклучено во ПМИО (Проект за меѓуетничка интеграција во образованието) во организација на МОН и Македонскиот центар за граѓанско образование и активностите ги реализира со партнер училиштето „Св.Кирил и Методиј “ село Кучевиште ,Општина Чучер Сандево , Скопје.
Во месец август членовите на СИТ - тимот изработија Годишно глобално планирање кое беше дел од Годишната програма на училиштето. Тимот на МИО од нашето училиште оствари конструктивна соработка со партнер училиштето и успешно реализиравме дел од планираните активности.

Оваа година се реализираа неколку работилници во кои учество земаа учениците од IV и V одделенска настава и учениците од шесто одделение. Претходно со одговорните наставници од партнер училиштето имавме повеќе онлајн состаноци на кои се договоривме за текот на активностите и формиравме заедничка група на Вибер : МИО меѓуучилишна соработка

Минатата година бевме добитници на отворениот повик на Министерството за образование и наука за доделување на грантови за основните училишта, кои придонесуваат за равој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата. Активностите кои се поддржани со финансиски грант, се реализираа во партнерство со училиштето во текот на оваа учебна година.
Бидејќи училиштето со задоцнување ги доби финансиските средства од МОН, не бевме во можност да ги реализираме со меѓусебни посети сите планирани заеднички средби, но затоа дел од нив беа одржани преку користење на социјални мрежи.

На 20.12.2023 год. активностите ги започнавме создавајќи заедничка библиотека ,, КИРИЛИЦА ” со взаемно подарување на детски сликовници , книги и разни изданија кои се пишани на македонски и на српски јазик. Учениците беа гости во нашето училиште. Целта на оваа средба беше запознавање со животот и делото на просветителите , пишаното творештво , основен дел од историјата и културната традиција на народит , воочување сличности и разлики помеѓу двете целни групи и нивната азбука.

Впрочем тоа е и основната мисија на Св.Кирил и Методиј, Вук Караџиќ и Св.Сава да го описменат и образуваат својот народ преку словенското кирилско писмо. Од двете училишта во овој проект беа вклучени вкупно 24 ученици на возраст од IV,V и VI - то одделение. На крајот од оваа средба, учениците на својот јазик ги напишаа прекрасните пораки во кои има безброј желби за другарство, пријателство и соживот. Сите тие се голем мотив и цел на соработката меѓу нашите две училишта.

Во второто полугодие продолживме со реализација на планираните активности според дадените насоки во проектот.

Во чест на Свети Сава на 24.1.2024 год.се подготвуваме со работилница во нашето училиште на која учениците беа запознаени со животот и делото на Свети Сава, учествуваа во приготвување на Славската погача и дознаа повеќе за нејзината симболика.

На 27.1.2024 бевме во посета на нашето партнер училиште ,,Свети Кирил и Методиј" с. Кучевиште, Чучер Сандево по повод празнувањето на училишната слава Свети Сава. На средбата присуствуваа околу 40 ученици од двете училишта. Имаа можност да ја следат свечената приредба во училиштето, а потоа се упативме во дворот на селската црква каде се одржа прославата со делење на Славската погача. Учениците се дружеа и имаа можност да се запознаат кажувајќи некои информации за себе.

Поради прекин на финансиската поддршка од страна на МОН се договоривме додека трае учебната година планираните активности да ги реализираме преку интернет, воспоставувајќи on line средби и работилници.

На 6.4.2024 по повод одбележување на верскиот празник Велигден, беше реализирана заедничка on line забавна работилница ,, Да го прославиме Велигден - Ускрс ''. со оваа меѓуучилишна соработка овозможивме услови - учениците од двете партнер училишта да ги запознаат културните традиции поврзани со празникот , преку забава, дружење, креирање на позитивна атмосфера со што им се овозможи на учениците и наставниците да стекнат нови пријателства. Воспоставија интеркултурен дијалог, учење јазик - зборови со кои се одбележува празнувањето на Велигден - Ускрс,воочување сличности и разлики помеѓу двете целни групи и низа други активности. Во ликовната активност – ,,Обои го и украси го велигденското јајце '' земаа учество 20 ученици кои твореа ликовни творби во слободна техника. Ликовните творби ги испративме на нивните врсници од партнер училиштето, а пак тие ни ги испратија своите. Учениците имаа за задача да изработат и украсна кошничка за велигденско јајце. Комуникацијата меѓу овие ученици беше на македонски и српски јазик. Активноста помина во пријатно расположение, домашна атмосфера, бидејќи учениците беа на пролетен распуст.

Учениците од второ одделение со својот мал хор подготви препев и изведба на српската песна ,, Христос Васкресе – радост донесе ''која учениците мошне брзо и лесно ја научија и успешно ја презентираа преку видео порака. Задоволство беше да се слушаат.

До крајот на учебната година учениците организираа неколку заеднички видувања меѓу кои и покана за заедничко дружење за време на пролетната екскурзија која се одржа на падините на Скопска Црна Гора во манастирот Св. Никита.

**Одговорен наставник: Ирена Пешевска**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@yahoo.com

**ПРИЛОГ БР. 18**

**Табеларен приказ за реализација на наставата во учебната 2023/2024 година од I – IX одд.**

| | Реализирани часови | | | | | | | | | | Број на ученици | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Додатна настава | | | | | Дополнителна настава | | | | | Додатна настава | | | | | Дополнителна настава | | | | |
| | V | VI | VII | VIII | IX | V | VI | VII | VIII | IX | V | VI | VII | VIII | IX | V | VI | VII | VIII | IX |
| Македонски јазик | **4** | **7** | **7** | **15** | **7** | **1** | **8** | **7** | **10** | **8** | **4** | **15** | **14** | **10** | **8** | **2** | **11** | **12** | **11** | **9** |
| Историја и општество | **6** | **10** | **/** | **/** | **/** | **/** | **8** | **/** | **/** | **/** | **9** | **7** | **/** | **/** | **/** | **/** | **18** | **/** | **/** | **/** |
| Математика | **8** | **12** | **12** | **12** | **12** | **6** | **12** | **12** | **12** | **12** | **9** | **7** | **5** | **3** | **4** | **4** | **7** | **8** | **9** | **4** |
| Англиски јазик | **15** | **26** | **15** | **15** | **/** | **/** | **26** | **7** | **6** | **/** | **2** | **5** | **2** | **2** | **/** | **/** | **7** | **4** | **2** | **/** |
| Германски јазик | **/** | **8** | **8** | **8** | **8** | **/** | **8** | **8** | **8** | **8** | **/** | **3** | **4** | **4** | **2** | **/** | **4** | **6** | **3** | **4** |
| Природни науки | **23** | **10** | **/** | **/** | **/** | **6** | **3** | **/** | **/** | **/** | **9** | **8** | **/** | **/** | **/** | **5** | **2** | **/** | **/** | **/** |
| Географија | **/** | **/** | **17** | **13** | **14** | **/** | **/** | **14** | **12** | **13** | **/** | **/** | **10** | **8** | **6** | **/** | **/** | **11** | **13** | **11** |
| Историја | | **/** | **2** | **1** | **5** | | **5** | **8** | **8** | **8** | | **/** | **2** | **1** | **3** | **/** | **4** | **3** | **4** | **3** |
| Музичко | **1** | **4** | **4** | **4** | **4** | **/** | **4** | **4** | **4** | **4** | **8** | **2** | **2** | **3** | **2** | **/** | **2** | **3** | **4** | **3** |
| Физика | **/** | **/** | **/** | **14** | **14** | **/** | **/** | **/** | **10** | **10** | **/** | **/** | **/** | **7** | **2** | **/** | / | **/** | **3** | **3** |
| Биологија | **/** | **/** | **17** | **19** | **19** | **/** | **/** | **12** | **12** | **13** | **/** | **/** | **11** | **13** | **10** | **/** | **/** | **7** | **14** | **15** |
| Хемија | **/** | **/** | **/** | **19** | **19** | **/** | **/** | **/** | **16** | **18** | **/** | **/** | **/** | **8** | **23** | **/** | **/** | **/** | **7** | **25** |

| | **Реализирани часови** | | | | | | | | **Број на ученици** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Додатна настава** | | | | **Дополнителна настава** | | | | **Додатна настава** | | | | **Дополнителна наставна** | | | |
| **одделение** | I | II | III | IV | I | II | III | IV | I | II | III | IV | I | II | III | IV |
| **Македонски јазик** | 39 | 34 | 20 | 11 | 48 | 36 | 30 | 11 | 7 | 5 | 39 | 4 | 7 | 5 | 35 | 7 |
| **Математика** | 41 | 37 | 39 | 10 | 41 | 36 | 38 | 12 | 5 | 5 | 39 | 5 | 7 | 5 | 35 | 7 |
| **Историја и општество** | 6 | 9 | 1 | 2 | 1 | 10 | 5 | 3 | 6 | 3 | 10 | 3 | 4 | 3 | 2 | 3 |
| **Природни науки** | 13 | 25 | / | 3 | 6 | 24 | / | 3 | 10 | 3 | 12 | 5 | 6 | 3 | / | 6 |
| **Англиски јазик** | 4 | 2 | 4 | 22 | 4 | 4 | 4 | 17 | 2 | 5 | 5 | 5 | 1 | 2 | 3 | 5 |

| Наставни предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Нереализирани часови |
|---|---|---|---|
| **Одделенска настава** | | | |
| **Прво одделение** | | | |
| Македонски јазик | 180 | 180 | / |
| Математика | 180 | 180 | / |
| Природни науки | 72 | 72 | / |
| Музичко образование | 36 | 36 | / |
| Ликовно образование | 36 | 36 | / |
| Физичко и здравствено образование | 108 | 108 | / |
| Англиски јазик | 72 | 72 | / |
| Општество | 36 | 36 | / |
| **Второ одделение** | | | |
| Македонски јазик | 180 | 180 | / |
| Математика | 180 | 180 | / |
| Природни науки | 72 | 72 | / |
| Ликовно образование | 36 | 36 | / |
| Музичко образование | 36 | 36 | / |
| Физичко и здравствено образование | 108 | 108 | / |
| Англиски јазик | 72 | 72 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Општество | 36 | 36 | / |
| **Трето одделение** | | | |
| Македонски јазик | 180 | 180 | / |
| Математика | 180 | 180 | / |
| Природни науки | 72 | 72 | / |
| Музичко образование | 36 | 36 | / |
| Ликовно образование | 36 | 36 | / |
| Физичко и здравствено образование | 108 | 108 | / |
| Англиски јазик | 72 | 74 | / |
| Општество | 36 | 36 | / |
| **Четврто одделение** | | | |
| Македонски јазик | 180 | 180 | / |
| Математика | 180 | 180 | / |
| Природни науки | 72 | 72 | / |
| Историја и Општество | 72 | 72 | / |
| Техничко образование и информатика | 36 | 36 | / |
| Физичко и здравствено образование | 108 | 108 | / |
| Музичко образование | 36 | 36 | / |
| Ликовно образование | 36 | 36 | / |
| Англиски јазик | 108 | 108 | / |
| Танцување | 36 | 36 | / |
| Цртање, сликање и пластично обликување | 36 | 36 | / |
| Готвење | 36 | 36 | / |
| Фигури од хартија | 36 | 36 | / |
| Градинарство и хортикултура | 36 | 36 | / |
| Фудбал | 36 | 36 | / |
| **Петто одделение** | | | |
| Македонски јазик | 180 | 180 | / |
| Математика | 180 | 180 | / |
| Природни науки | 72 | 72 | / |
| Историја и Општество | 72 | 72 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ликовно образование | 36 | 36 | / |
| Физичко и здравствено образование | 108 | 108 | / |
| Музичко образование | 36 | 36 | / |
| Англиски јазик | 108 | 108 | / |
| Техничко образование и информатика | 72 | 72 | / |
| Шах | 36 | 36 | / |
| Одбојка | 36 | 36 | / |
| **Предметна настава** | | | |
| **Шесто одделение** | | | |
| Македонски јазик | 144 | 144 | / |
| Англиски јазик | 108 | 108 | / |
| Германски јазик | 72 | 72 | / |
| Математика | 180 | 180 | / |
| Историја и Општество | 72 | 72 | / |
| Природни науки | 108 | 110 | / |
| Географија | 36 | 36 | / |
| Техничко образование и информатика | 72 | 72 | / |
| Ликовно образование | 36 | 36 | / |
| **Седмо одделение** | | | |
| Македонски јазик | 144 | 144 | / |
| Англиски јазик | 108 | 110 | / |
| Германски јазик | 72 | 72 | / |
| Математика | 144 | 144 | / |
| Историја | 72 | 72 | / |
| Географија | 72 | 72 | / |
| Биологија | 72 | 72 | / |
| Ликовно образование | 36 | 36 | / |
| Музичко образование | 36 | 36 | / |
| Физичко и здравствено образование | 108 | 108 | / |
| Информатика | 36 | 36 | / |
| Етика | 72 | 72 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вештини за живеење | 72 | 72 | / |
| **Осмо одделение** | | | |
| Македонски јазик | 144 | 144 | / |
| Англиски јазик | 108 | 108 | / |
| Германски јазик | 72 | 72 | / |
| Математика | 144 | 144 | / |
| Историја | 72 | 72 | / |
| Географија | 72 | 72 | / |
| Биологија | 72 | 72 | / |
| Ликовно образ. | 36 | 36 | / |
| Музичко образ. | 36 | 36 | / |
| Физичко и здравствено образование | 108 | 108 | / |
| Граѓанско образование | 36 | 36 | / |
| Физика | 72 | 72 | / |
| Хемија | 72 | 72 | / |
| Проекти од муз. образование | 72 | 72 | / |
| **Деветто одделение** | | | |
| Македонски јазик | 144 | 144 | / |
| Англиски јазик | 108 | 108 | / |
| Германски јазик | 72 | 72 | / |
| Математика | 144 | 144 | / |
| Историја | 72 | 72 | / |
| Географија | 72 | 72 | / |
| Биологија | 72 | 72 | / |
| Ликовно образование | 36 | 36 | / |
| Музичко образование | 36 | 36 | / |
| Физичко и здравствено образование | 108 | 108 | / |
| Граѓанско образование | 36 | 36 | / |
| Физика | 72 | 72 | / |
| Хемија | 72 | 72 | / |
| Истражување на родниот крај | 72 | 72 | / |

**ПРИЛОГ БР.19**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ на реализирани акции - 2023/2024г**

**Целта на оваа програма е:**

**Запознавање на учениците со позначајните датуми, настани и збиднувања;**
**Организирање на манифестации со што ќе дојде до израз креативноста и уметничките афинитети на учениците;**

**Развивање на културните особености и вредности кај учениците;**
**Негување на традицијата и минатото на нашата земја и делата за коишто сведочи историјата;**

**Посета и следење на културни збиднувања во непосредната околина;**

**Запознавање со културното наследство;**

**Програмата е во координација со други подрачја од годишната програма**

По повод првиот училишен ден на 1.9.2023г. во нашето училиште се организира свечена приредба за првачињата. Во програмата учествуваше хорот со вокално-инструментални музички песни составен од ученици од VI и IX одделение како и ученици од IV и V одделение со неколку пригодни ритмички точки. Целта е остварена преку развојна, позитивна училишна клима и срдечно добредојде за првачињата со директно обраќање на директорката на училиштето.

На ден 6.9.2023г. учениците од IXа одделение беа во посета на Ботаничката Градина на Природно - математички факултет во Скопје. Целта беше остварена, со спроведената работилница учениците полесно ја поврзуваат теоријата и знаењата од училницата со ситуации од реалниот свет. Дополнително, тие стануваат и посвесни за сопствените вештини и интереси, различни начини на соработка и комуникација, самодоверба и лидерски вештини.

На ден 7.9.2023 год. беше одбележан 8 Септември - Денот на независноста и самостојноста на Република Северна Македонија преку изготвување на краток реферат кој содржи информации за значењето на денот, проследување на документарни филмови и изработка на ликовни творби. Целта е развивање на патриотска свест и љубов кон татковината, како и проширување на знаењата на учениците за осамостојувањето на татковината и за првиот претседател Киро Глигоров-патронот на нашето училиште.

На ден 15.9.2023г. од страна на учениците од III одделение беше одбележан Интернационалниот ден на Точката со цел поттикнување на уметничко и креативно изразување и творење.

На ден 21.9.2023г. учениците од V одделение земаа учество во Детска работилница, креативно пишување, цртање и раскажување во организација на Општина Центар и Културниот Центар – Јадро, како најава на второто издание на „Маалски фестивал“ кој ќе се одржи во Дебар Маало каде ќе бидат изведени голем број на улични уметнички акции. Целта е развивање на креативноста и фантазијата при ликовните и литературните творења на учениците.

На ден 22.9.2023г. се одбележа Светскиот ден без автомобили, кои се едни од најголемите загадувачи на воздухот. По овој повод учениците беа вклучени во активноста преку едукативно видео за најмалите, литературно и ликовно творење но и преку ученички активности со велосипеди, тротинети, ролерки и скироли кај поголемите ученици. Целта е да се поттикне свесноста од зачувување на чиста, здрава и зелена животна околина, но и примена на еколошки транспортни решенија (јавен транспорт, пешачење, велосипедизам).

Од 1- 5.10.2023г. се одбележа Детската недела под мотото „Среќно дете“ со различни активности од I до III одделение, додека група ученици од IV и V одделение земаа учество во спортските игри – „Игри без граници“ во градскиот парк организирани од Општина Центар. Се со цел одбележување на Недела на детето и развивање на натпреварувачки и спортски дух кај учениците.

На ден 4.10.2023г. учениците од II и III одделение земаа учество со нивни цртежи за избор на најдобар цртеж во списанието ,,Другарче’’. Целта е развивање на љубов кон цртањето и читањето на детски списанија.

По повод 5 Октомври, Светскиот ден на учителот, нашето училиште во соработка со Општина Центар го одбележаа овој важен ден. Нашето училиште беше домаќин на доделување сертификати на наставниците од осум училишта за одржаните обуки против булинг, кој на овој свечен чин им ги додели градоначалникот на Општина Центар, Горан Герасимовски. На оваа свеченост и пригодна приредба земаа активно учество учениците од IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение со најразлични ритмички точки како и музички точки изведени од страна на хорот. Целта е поттикнување на почит и љубов кон професијата учител и неговата просветителска цел.

По повод "Детската недела" на 5.10.2023г. беше организиран свечен прием на првачињата во неа, во Паркот на Франкофонијата, со свечена приредба од страна на општина Центар. Првачињата се запознаа со детските права и ја положија заклетвата дека ќе бидат добри, вредни и успешни ученици, ќе ги слушаат наставниците и ќе постигнуваат резултати. Првачињата добија и пригодни подароци од Општина Центар на кои многу им се израдуваа. Целта е остварена преку стекнување знаења за значењето на Детската организација, развивањена љубов, другарство и припадност во Детската организација.

На ден 5.10.2023г. ученици од V одделение ја посетија традиционалната изложба подржана од Министерството за култура, а во организација на Националната галерија на Македонија. Темата на изложбата оваа година беше творештвото на Симон Шемов. Во објектот Даут Пашин амам се реализираше креативна работилница каде учествуваа учениците. Целта е да се запознаат со творештвото на Симон Шемов и воедно да учествуваат во заедничка работилница составена од повеќе талентирани ученици од различни општини. Да се стекнуваат со навики за посети на културни манифестации-изложба, како и да ја развиваат својата креативност, љубопитност, а и да усовршуваат нови техники.

Одбележување на 11 Октомври – Денот на востанието на македонскиот народ преку изработка на пано од страна на учениците, како и преку литературно и ликовно творење се со цел развивање на патриотска свест и љубов кон татковината.

На ден 12.10.2023г. училиштето во соработка со Црвен крст на Република Северна Македонија организираше Симулациска вежба „Евакуација на ученици, наставници, персонал и повредени во случај на земјотрес и пожар, како дел од вежбата „Хуманитарен одговор 2023“. Вежбата беше со цел за подигнување на свеста и едукација за начините на превенција и подготовка за големи катастрофи. За таа цел е направен и видео запис, снимен од МРТ и беше прикажан на националната телевизија. За изведување на вежбата во нашето училиште беа вклучени полициски, амбулантни и противпожарни возила.

На 17.10.2023г. беа доделени стипендии за учениците од семејства во социјален ризик во организација на Општина Центар. Целта е поттик за постигнување поголеми знаења, затоа што високиот успех во образованието носи поубави и поуспешни професии.

На ден 19.10.2023г. во соработка со родител, учениците од IIIг одделение имаа предавање поврзано со содржината природни науки. Целта е учениците да се запознаат со Витални органи – мозок за кои зборуваше ас.Д-р невролог Фросина Стојкоска.

24.10.2023г. Одбележување на 23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба преку ликовно и литературно творење од страна на учениците, а со тоа и развивање на патриотската свест и љубов кон татковината.

На ден 31.10.2023г. учениците од III одделение во училиште имаа работилница/предавање од ТТК банка, по повод месец на штедењето, со цел учениците да се запознаат и да ги прошират своите знаења во врска со штедењето.

Во нашето училиште беше одржана манифестација по повод одбележување на 3 Ноември, „Денот на Општината“. Со таа цел од страна на градоначалникот на Општина Центар, Горан Герасимовски беа доделени 37 стипендии за млади таленти од областа на науката и културата, техниката и посебните вештини за учебната 2023/2024г. Исто така, беа доделени пофалници за најдобрите ликовни и литературни творби на тема „Мојот Центар мојот мал свет“. Целта на учениците е развивање на љубов и чувство на припадност кон местото на живеење како и мотивација за постигнување поголеми успеси.

На ден 3.11.2023г. учениците од II одделение имаа можност да се запознаат со ликот и делото на Суперхеројот Нула. Во соработка со Друштвото за управување со отпад „Нула Отпад“ ДОО Скопје, одржаа едукативна активност за правилна селекција на опасниот електричен и електронски отпад и за штетноста на потрошените батерии. Целта е остварување на мисијата за чиста и здрава средина.

На ден 6.11.2023г. учениците од IVб одделение беа на едукативно-рекреативна посета на лозје и Винарската визба „Лепово“. Целта е запознавање со лозарство и трансформација на грозјето во сок и вино.

По повод одбележувањето на “Денот на гладта” Црвениот крст на Република Северна Македонија и оваа година традиционално ја спроведе кампањата за борба против гладта, под мотото “ПОМИСЛЕТЕ И НА НАС “. За таа цел нашето училиште се вклучи во кампањата за борба против

гладта во периодот од 6.11.2023г. – 10.11.2023г. и организираше хуманитарна собирна акција: на прехрамбени продукти која беше предадена на семејствата од социјален ризик. Целта е покренување на општото мислење на јавноста за проблемите на сиромаштијата, изнаоѓање на фондови за помош на ранливите групи на население и градење на позитивен имиџ.

Преку организирана посета, на ден 8.11.2023г. учениците од IV одделение согласно Наставната програма предвидена за 2023/2024 г. а во рамки на наставата по предметот Историја и општество, имаа средба со градоначалникот и вработените во Општина Центар. Целта на посетата е учениците одблизу да се запознаат со просториите во Општината, вработените во неа, нивните работни задачи и организација на сите сектори во Општината.

Одбележување на 13 Ноември – Денот на ослободување на градот Скопје од фашистичката окупација преку изработка на пано со пораки од страна на учениците од VII и IX одделение, се со цел развој на чувство за почит кон личности од минатото и историјата на градотСкопје.

Во период од 13-17.11.2023г. учениците земаа учество на интернационален натпревар ,,Дабар’’ со цел да се промовира **информатиката** и сродните науки, да се промовирaат компјутерските науки кај учениците, со што ќе се придонесе за нивниот развој, како и развојот на нашата држава. Исто така целта е афимација на постигањата на учениците и развивање желба и интерес за поголеми успеси и учество во други натпревари.

На ден 16.11.2023г. се одржа училишна квизотека на основните училишта на град Скопје, каде преку низа забавни активности се натпреваруваат учениците од VII и IX одделенија од основните училишта на град Скопје.

Во средината на месец ноември, учениците од нашето училиште во придружба со нивните наставнички беа во посета на детскиот фестивал „Златно славејче“ кое се одржа во киното Милениум. Целта е подигање на свеста за медиумска култура, развивање на музикалноста и културните навики при посета на јавни настани.

На ден 20.11 2023г. кај учениците од IIIг одделение се реализираше предавање од страна на Агенција за супервизија на осигурување АСО на тема „Осигурувањето ме штити од ризици“, по претходно учество на ликовен конкурс за истиот ,,Осигурувањето ме заштитува од ризици“. Целта е учениците да се запознаат и да ги прошират знаењата за ризиците од опасности и за начинот на кој и што може да се осигура.

Во период од 22.11.2023г. до 15.12.2023г. беше организирана хуманитарна акција за ученикот Леонид Индов, со собирање парични средства во нашето училиште. Целта е развивање на емпатија, хуманост и желба да се помогне на социјално загрозени семејства.

На ден 23.11.2023г. учениците од IX одделение беа во посета на Спомен Куќата на Мајка Тереза. Преку предавање и разгледување на просториите се постигна целта, продлабочување на знаењата и содржините на соодветната наставна единица по предметот Граѓанско образование.

На ден 23.11.2023г. учениците од IX одделение беа во посета на Собранието на Република Северна Македонија на покана од Парламентарниот Институт. Тие имаа предавање и разгледување на просториите со цел продлабочување на знаењата и содржините на соодветната наставна единица по предметот Граѓанско образование.

На ден 24.11.2023г. учениците од IIIв одделение беа во посета на Поликлиника Медика С, на покана од д-р Сања Латковска. Учениците се запознаа со улогата на докторот, лечење на болести кај децата и како да го унапредат сопственото здравје

На ден 24.11.2023г. реализирана е посета на Управа за Хидрометеоролошки работи од страна на учениците од IVб одделение, со цел практично запознавање на учениците со работата на метеоролозите и Секторот за метеорологија.

На ден 24.11.2023г. во соработка со родител, учениците од IIIг одделение имаа предавање поврзано со содржина по природни науки. Целта е да се запознаат учениците со употреба на лекови односно опишување улога на лекар за лечење болести на децата за кои говореше фармацевт Невена Станковска Доневска.

На ден 25.11.2023г. учениците од IV г одделение земаа учество на Детската ликовна изложба ,,Нашата традиција - наша инспирација" при Музејот на Република Северна Македонија, каде учениците се здобија со благодарници.

Во текот на месец ноември и декември, во соработка со родителите, учениците од IIв одделение имаа неколку работилници на тема „Мојата професија“. Родителите на многу допадлив начин им ја претставија нивната професија, работното место, задачи и искуство. Преку поттикнувачки прашања и дискусија учениците се соживеаја со нивната работа каде децата изразија желба за извршување на слични или исти професии во иднина. Целта е учениците да се запознаат со повеќето професии и начинот на вршење на работните задачи за да имаат појасна слика за секое работно место.

По повод 3.12.2023г. Меѓународниот ден на лицата со попреченост, учениците од IVб и IVг одделение учествуваа во работилница под мотото „Сплотени заедно“. Додека учениците од V одделение земаа учество во работилницата под мотото - ,,Исто Сонце сите не грее". Целта на работилниците е подигање и развивање на свесност, емпатија и желба да се помогне на лицата со попреченост, полесно да се вклучат во општеството, како и поддршка, инклузивни права и благосостојба на лицата со попреченост.

На ден 4.12.2023г. беше посетен дневниот Центар за Церебрална парализа, од страна на учениците од IIв одделение. Целта е инклузија помеѓу учениците од нашето училиште и учениците од Центарот, поттикнување за развивање на емпатија, прифаќањето и почитувањето на различностите уште од рана возраст.

На ден 4.12.2023г. учениците од IIб одделение имаа работилница по повод 3 Декември- Меѓународниот ден на лицата со попречености. Целта е развивање на емпатијата, прифаќањето на различностите, почитувањето уште од рана возраст.

На ден 5.12. 2023г. учениците од V одделение имаа работилници за превенција на насилство - „И јас имам глас“. Целта е запознавање со можни причини за насилно однесување од позиција на различни општествени групи и запознавање со различните начини на индивидуално и групно реагирање на насилство.

На ден 5.12. 2023г. учениците од II одделение имаа работилница за превенција на насилство - „Моето тело и моите чувства “. Целта е подигање на свесност кај децата за она што го чувствуваат, квалитетот и интензитетот на чувствата, споделување на емоции, намалување на напнатост и поттик да си помагаат.

7.12.2023г. Одбележување на 8 Декември ден на „Св.Кимент Охридски“ се реализираше преку најразлични активности. По овој повод учениците твореа и рецитираа лични творби за ликот на „Св.Климент Охридски“, а со тоа развиваа и чувство за почит кон личности од минатото и историјата на македонскиот народ.

На ден 12.12.2023г. учениците од III одделение беа во посета на Собранието на Република Северна Македонија, со цел запознавање со седиштето на законодавната власт поврзано со наставните содржини од предметот Општество.

На ден 13.12.2023г. во пресрет на Новогодишните празници, учениците од IIв одделение организираа Новогодишна работилница во соработка со родителите од одделението. Во претходните средби и разговори родителите беа запознаени со замислените креативни идеи и активности на наставникот, па самиот тек на работилницата се одвиваше во опуштена и пријатна атмосфера. Учениците со нивните родители изработуваа новогодишни украси и изработки, додека наставничките ги украсија паното и изработија шаблони со ликовите и облеката на учениците во ликот на Елф. Учениците усвоија нови вештини во изработки на новогодишни украси кои се продаваа на Новогодишниот базар кој се организираше во училиштето.

На ден 13.12.2023г. учениците од предметна настава заедно со учениците од V одделение земаа учество во изложбата со свои слики на Хуманитарниот базар во Рамстор. Целте е развивање на креативноста при ликовното творење на учениците во хуманитарни цели.

На ден 15.12.2023г. остварена е соработка со родител, предавање и низа активности од прехрамбен технолог и биотехнолог Зимере Саити Муслији поврзано со темата „ Унапредување на здравјето“ на часот по природни науки кај учениците од IIIг одделение.

На ден 18.12.2023г. во пресрет на престојните празници реализирана е работилница во IIIг одделение за изработка на новогодишни украси со ликовната уметница Марта Поп Антовска, се со цел да се унапредат вештините за изработки на украси.

На ден 20.12.2023г. учениците од одделенска настава земаа учество со Новогодишни изработки на Хуманитарниот базар во Рамстор чија цел е собирање на хуманитарни средства за младиот Леонид Индов. Неколку ученици од активот на III одделение земаа учество со музичко-ритмички точки. Со тоа се поттикна развивање на емпатија, хуманост и донирање финансиска помош кога е најпотребно за нечие здравје.

На ден 20.12.2023г. неколку ученици од паралелките на IV, V и VI одделение учествуваа во активностите од проектот МИО ,,Вез до вез традиција,з бор по збор - заедничка едукација " со партнер училиштето ,,Св.Кирил и Методиј "село Кучевиште, Општина Чучер Сандево, Скопје. Проектот е финансиран од МОН со цел промовирање на меѓуучилишната соработка со училишта во кои учат ученици на јазик од етничките заедници во РС Македонија. Целта беше меѓуетничка интеграција - соработка и другарување на ученици од двете училишта.

На 21 и 25.12.2023г. во пресрет на Новогодишните празници учениците од I до III одделение ја следеа претставата „Каде е Дедо Мраз?“ Претставата се одвиваше во училишниот хол со прекрасна магична сценографија и извонредни актери. Претставата беше интересна и едукативна и го задржа интересот на учениците. Целта е градење на навики за следење на театарска претстава, збогатување на детската фантазија со новогодишни мотиви и приказни како и примена на знаењата од медиумска култура.

На ден 25.12.2023г. учениците од VII одделение ја проследија инклузивната танцова претстава организирана од Еурека, се со цел да се одбележи 3 Декември – Меѓународниот ден на луѓето со попречености.

На ден 25.12.2023г. учениците од IV одделение ја проследија прекрасната театарска претстава „Работилницата на Дедо Мраз“, со одличен настап на актерскиот тим при МОБ. Целта на посетата е градење на навики за следење на театарска претстава, збогатување на детсата фантазија со новогодишни мотиви и приказни, примена на знаења од медиумска култура.

На ден 26.12.2023г. беше реализиран Новогодишен базар во нашето училиште. Учениците заедно со нивните наставници земаа учество со креативни изработки по повод Новогодишните празници а со тоа се разви и позитивно расположение, а до израз дојде и креативноста на учениците и наставниците. На овој Новогодишен настан, родителите на учениците и другите посетители имаа можност да купат новогодишни честитки и рачни изработки од учениците.

На ден 27.12.2023г. учениците од предметна настава земаат учество на Новогодишниот хуманитарен хепенинг, се со цел собирање хуманитарни средства и заедничка забава за предновогодишните и Божиќните празници.

На ден 28.12.2023г. во пресрет на Новогодишните и Божиќните празници неколку ученици од нашето училиште заедно со директорката и специјалниот едукатор и рехабилитатор, беа во посета на дечињата во Центарот за Церебрална парализа. Малите креации и рачни изработки направени со многу љубов од учениците кои им ги подарија, кај нив побудија многу позитивни чувства и искрени насмевки. Целта е развивање на емпатијата, прифаќањето на различностите, почитувањето уште од рана возраст и дарување многу љубов.

На ден 27.1.2024г. ученици од V одделение учествуваа во активностите од проектот МИО ,,Вез до вез традиција, збор по збор - заедничка едукација " со партнер училиштето ,,Св. Кирил и Методиј " село Кучевиште, Општина Чучер Сандево , Скопје. Активност бр.2 од заедничкиот проект - Посета на училиштето и заедничко прославување на празникот на училиштето воедно и на селото Кучевиште. Традицијата во чест на големиот светител и просветител „Свети Сава“. Целта е меѓуетничка интеграција-соработка и другарување на ученици од двете училишта.

На ден 8.2.2024г. учениците од IVв одделение беа во посета на фабриката „Вива“, каде учениците имаат можност да се запознаат со производствениот процес на овошните сокчиња

На ден 9.2.2024г. учениците од II одделение имаа Игровити активности со Прв Скопски Извиднички одред. Целта е развивање на натпреварувачки дух.

На ден 20.2.2024г. учениците од Iг одделение имаа предавање од родител доктор (ортопед). Преку презентација на тема: „Правилно држење на телото“ учениците ја остварија целта и се стекнаа со нови знаења за правилно седење и држење на телото како и за последиците од неправилното.

На ден 21.2.2024г. учениците од Iб одделение преку презентација на гласот на цртаната хероина Биби, како и други гласови кои ги позајмува актерката Слаѓана Вујошевиќ во истоимениот цртан филм, имаа можност да се запознаат со професијата актер и да стекнат повеќе знаења за истоимената едукативна емисија.

На ден 21.2.2024г. активот на III одделение преку литературни и ликовни творби го одбележаа „Денот на мајчиниот јазик“ со цел развивање на љубовта и значењето на мајчиниот јазик.

На ден 21.2.2024г. учениците од новинарската секција во просториите ООУ ,,Јохан Хајнрих Песталоци” направија интервју со градоначалникот на Општина Центар, Горан Герасимовски по повод денот на мајчиниот јазики спортски дух кај учениците како и развивање љубов кон природата и извидништвото.

На ден 22.2.2024г. учениците од V одделение земаа учество на ликовен конкурс на тема „Пластичното шише загадува ако не се преработува“. Целта е развивање на креативноста при ликовното творење на учениците.

На ден 23.2.2024г. учениците од IIа одделение имаа посетител гостин, лик кој бил инспирација за пишување на една книга, а тоа е лектирата „Зоки Поки“. Учениците се запознаа со животот на вистинскиот Зоран и беа воодушевени од неговото детство, како и од тоа дека ја инспирирал писателката Оливера Николова да напише книга за него.

На ден 27.2.2024г. учениците од IIIб одделение беа во посета на куќата на претседателот, каде можеа да му постават прашања поврзани за него и неговата професија. Целта е проширување на знаењата по предметот општество.

На ден 1.3.2024г. учениците VII-IX одделение беа во посета на Меморијален центар на холокаустот на Евреите во Македонија со цел разгледување на постојаната музејска поставка.

На ден 5.3.2024г. учениците од II одделение го одбележаа 5 Март Светскиот ден за заштеда на енергија. Целта е Решавање на проблеми преку критичко размислување.

На ден 8.3.2024г. учениците од I до IX одделение преку креативни работилници го одбележаа 8 Март - Денот на жената, а со тоа испратија порака до сите жени: „Жените не се посебни затоа што се успешни, туку успешни се затоа што се посебни.“

На ден 14.3.2024г. учениците од VII до IX одделение имаа посета од новинарката Ана Зафирова со цел приближување на професијата новинар до учениците, како и стекнување на продлабочени знаења за истата.

Учениците од V одделение на ден 14.3.2024г. имаа организирана посета на Сити радио и Клуб ФМ. Целта е стекнување вештини и проширување на знаењето кај учениците од програмското подрачје медиумска писменост.

На ден 19.3.2024г. учениците од VII до IX одделение беа во посета на Македонски Народен Театар поради Интернационалниот ден на театарот, со цел да разговараат со глумците во врска со тоа зошто се прославува денот на театарот.

На ден 19.3.2024г. во списанието „Другарче“ беше објавена лична творба на ученичка од II в одделение на тема „Пролет“. Целта е развивање на љубов кон творењето на лични творби и читањето на детски списанија.

На 20.3.2024г. учениците од VI до IX одделение ја изведоа претставата „Малиот Принц“ од Антоан де Сент-Егзипери. Оваа претстава се изведуваше по повод учеството под името„Театарот-уметност на емоции“.

На ден 21.3.2024г. учениците од II одделение имаа активности по повод 21 Март - Денот на пролетта. Целта е развивање чувство на љубов кон природата, убавините која таа ни ги дарува и различностите на годишните времиња како и развивање на креативното и творечко размислување.

На ден 21.3.2024г. по повод одбележување на 21 Март – Ден на пролетта, Ден на екологијата учениците I-IX одделение спроведоа најразлични еколошки активности кои што се одвиваа во училиштето и во самиот училиштен двор. Целта е подигнување на свеста и заштита на животната средина и развој на еколошката свест кај учениците.

На ден 21.3.2024г. учениците од II и III одделение го одебележаа „Денот на водата“ со цел давање значење на водата која живот значи, подигнување на свеста и културата на сите ученици на повисоко ниво за грижа и чување на водата, штедење на водата како и придонесување за почиста околина и поздрава средина.

На ден 22.3.2024г. учениците од II одделение реализираа активности по повод 22 Март - Светскиот ден на водата.

Целта е подигнување на свеста и културата на сите ученици на повисоко ниво за водата која живот значи, грижа и чување на водата, штедење на водата, како и придонесување за почиста околина и поздрава средина.

На ден 25.3.2024г. учениците од II в одделение беа во посета на Центарот за деца со церебрална парализа каде што имаа креативна работилница по повод одбележување на 25 Март. Целта е подигање на свеста за церебрална парализа. Развивање на емпатија и желба да се помогне на лицата со попреченост, полесно да се вклучат во општеството, како и поддршка, инклузивни права и благосостојба на лицата со попреченост.

На ден 25.3.2024г. учениците од VII одделение заедно со училишниот психолог, беа во посета на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална/комбинирана попреченост – Порака. Целта е развивање на емпатија преку заедничка дружба со корисниците на центарот.

На ден 26.3.2024г. учениците од V одделение преку читање кинески приказни и бајки си даваа напатствија за ликовен и литературен конкурс. Целта беше проширување на знаењата за литературата и уметноста од различни култури.

Во период од 26.3 до 12.4.2024г. група ученици од IV и V одделение земаа учество на забавно - едукативниот квиз ,, Мислотека" во Македонската Радио Телевизија. Целта е развивање на креативните размислувања кај учениците, продлабочување на знаењата од наставните предмети и формирање на натпреварувачки дух.

По повод Светскиот ден на театарот (27 март), Општина Центар организираше проект„Театарот-уметност на емоции“. Нашето училиште учествуваше со претставата „Малиот Принц“ и освои второ место за најдобра театарска претстава. Ученикот Михаил Динов доби награда за најдобар машки актер во конкуренција со сите основни училишта во Општина Центар.

На ден 28.3.2024г. учениците од IVв одделение беа во посета на Македонската Радио Телевизија, со цел проширување на знаењата од областа на медиумска писменост.

Учениците од V одделение на ден 29.3.2024г. ја гледаа драмската претстава за деца и млади ,,Ех да можам…“ во организација на Здружението Проект Среќа. Едукација и справување со врсничкиот булинг, како голем проблем со кој младите и децата се соочуваат е целта на истата.

На ден 29.3.2024г. учениците од V одделение имаа работилница за превенција од насилство - „ И јас имам глас“ (Работилница 15 – Лебдење во балон). Целта е запознавање со можни причини за насилно однесување од позиција на различни општествени групи и запознавање со различните начини на индивидуално и групно реагирање на насилство.

Во текот на месец март, април и мај, соработката со родителите на учениците од IIв одделение продолжи преку неколку работилници на тема „Мојата професија“. Родителите на многу допадлив начин им ја претставија нивната професија, работното место, задачи и искуство. Професиите беа најразлични: професор на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј, стручни лица од областа на фармацевтската индустрија од „Алкалоид“, менаџер на продажба во „Раде Кончар“, адвокат, офталмолог од клиничкиот центар „Мајка Тереза“, вработени во банка, менаџер на продажба. Преку поттикнувачки прашања и дискусија учениците се соживеаја со нивната работа каде истите изразија желба за извршување на слични или исти професии во иднина. Целта е учениците да се запознаат со повеќето професии и начинот на вршење на работните задачи за да имаат појасна слика за секое работно место.

На ден 1.4.2024г. сите учениците од училиштето земаа учество во дефилето на маски, одржано во училишниот двор, по повод 1 Април - Денот на шегата. Целта е развивање на креативноста и фантазијата при ликовните изработки (маски) како и забавување, поттикнување смеа и радост, шегување, дружба и соработка помеѓу учениците.

На ден 2.4.2024г. учениците од II одделение преку разни активности го одбележаа 2 Април - Светскиот ден на детската литература. Целта е поттикнување на учениците да читаат, размислуваат, творат и создаваат свои литературни дела.

На ден 2.4.2024г. учениците од II в одделение преку разни активности го одбележаа 2 Април - Светски ден за подигање на свесноста за аутизмот. Целта е подигање на свесноста за аутизмот. Развивање на емпатија и желба да се помогне на лицата со попреченост, прифаќањето на различностите, давање поддршка за полесно вклучање во општеството.

На ден 3.4.2024г. учениците од III одделение имаа предавање за хигиената на забите од Стоматолошки факултет од страна на стоматологот Сања Смилевска (поликлиника Идадија). Целта е развивање на дентална култура и грижа за орална хигиена.

На ден 4.4.2024г. учениците од IVв беа во посета на Сити радио со цел да ги прошират знаењата од областа на медиумската писменост.

На ден 9.4.2024г. учениците од IVб беа во посета на Спомен куќата на Мајка Тереза, Старата Железничка Станица, Плоштад Македонија, Камениот Мост се со цел проширување на знаењата за значајните знаменитости од нашиот град.

На ден 9.4.2024г. учениците од IV одделение беа во посета на изложбата на легендарниот италијански фудбалер Паоло Роси - Златното момче и Легендите на фудбалот во изложбениот простор на ,,Мала Станица'' каде се изложени 500 експонати поврзани со Роси. Целта е стекнување на нови знаења за културата во спортот.

На ден 11.4.2024г. ученици од I до V одделение земаа учество на Ликовниот конкурс по повод Патрониот ден на училиштето на тема: ,,Училишни вибрации - среќни генерации." Целта е развивање на креативноста при ликовното творење на учениците.

На ден 12.4.2024г. ученици од IV до IX одделение земаа учество на Литературниот конкурс по повод Патрониот ден на училиштето на тема: ,,Училишни вибрации-среќни генерации." Целта е развивање на креативното и творечкото размислување кај учениците, самостојно изразување на чувства и емоции.

По повод 15 Април-Светскиот ден на уметноста, учениците од нашето училиште кои учествуваа во претставата „Малиот Принц“ имаа можност да ја проследат театарската претстава „Како ќе го делиме мачорот“ во Театар за деца и младинци“. Целта е проширување на стекнатите знаења од Медиумска писменост.

Во период од 15.4-6.6.2024г. учениците од II в одделение земаа учество во Регионалниот проект: Семејни вредности ,,Од самиот почеток најдобра е тета". Тие реализираа три проектни задача: 1. Интервју со тета ; 2. Ме научи мојата тетка; 3. Подарок за тета. Целта е навраќање, поттикнување и промовирање на семејните вредности, како носечки столб во нашето општеството.

На ден 16.4.2024г. учениците од IVб беа во организирана посета на Метрополис радио ФМ, со цел стекнување вештини за медиумска писменост.

Учениците од активот на V одделение на ден 17.4.2024г. беа во посета на Македонскиот Народен Театар – Скопје, со цел да се запознаат одблизу со објектот, сцената, театарските работници, просториите во театарот како дел од содржините на Програмско подрачје: Медиумска култура (Театар).

На ден 18.4.2024г. учениците од IV одделение земаа учество на Меѓународен литературен конкурс за деца „Детско Царство“, Бања Лука, се со цел развивање љубов кон пишаниот збор и литература.

На ден 19.4.2024г. нашето училиште го одбележа петтиот јубилеен патронен празник. Со таа цел ученици од I до IX одделение земаа учество на манифестацијата по повод Патрониот ден на училиштето под мотото: ,, Училишни вибрации - среќни генерации ". Целта е негување и развивање позитивни чувства како и почит кон ликот и делото на нашиот патрон – Киро Глигоров и градење на личноста на ученикот со високи етички вредности и ставови за образовнието и училиштето.

На ден 20.4.2024г. неколку ученици од VI и VII одделение имаа работилница и обука за запознавање со Првата помош и нејзината важност во секојдевниот живот во просториите на Даре Џамбаз организирано од Црвен Крст на Република Северна Македонија. Тие се стекнаа со нови знаења во врска со тоа како и кога да повикаат брза помош, како да му се пријде на повредениот и да се проверат виталните знаци, да се санира повредата и најбитно да се остане смирен во дадени околности.

На ден 22.04.2024г. учениците од II одделение имаа активности по повод Одбележување на 22 Април - Ден на планетата Земја. Целта е да се поттикне вниманието на учениците за значењето на зачувувањето на животната средина.

На ден 22.4.2024г. учениците од IIIг одделение имаа едукативна посета на Старата скопска чаршија и Националната галерија - Чифте Амам каде се реализираше и кретивна Велигденска работилница со еко материјали, со цел поттикнување на креативно изразување и творење.

На 23.4.2024г. учениците од IX одделение ја посетија изложбата во Македонскиот Културен Центар на ученички проекти од областа на архитектура, градежништво и геодезија изработена од ученици од средното градежно и гимназиско училиште "Здравко Цветковски".

На ден 25.4.2024г. учениците од I одделение имаа работилница на тема „Грижа за забите и одржување на орална хигиена“реализирана од страна на Стоматолошкиот факултет од Скопје. Целта е да се запознаат за правилна грижа како и одржување на забите уште од најраните години.

На ден 26.4.2024г. учениците од новинарската секција го посетија Метрополис радио со цел да се запознаат со работата на радио редакцијата

На ден 17.5.2024г. учениците од IIб одделение имаа посета од родител по професија кошаркарски тренер поради учество во Меѓународен проект: ,,Учител професија која ги создава сите други професии" со цел да се запознаат подобро со истата.

На ден 17.5.2024г. учениците од IVа одделение земаа учество на ликовен конкурс ,,Како сакате да изгледа вашата општина во иднина.“ Целта е развивање на креативното и творечкото размислување кај ученицит како и самостојно ликовно изразување и давање на свои предлози за идните локални решенија.

На ден 20.5.2024г. учениците од II в одделение имаа активност по повод одбележување на Денот на пчелата. Целта е да се запознаат учениците со важноста на опрашувачите, загрозеноста на нивниот опстанок и нивниот придонес за одржлив развој.

На ден 21.5.2024г. учениците од III одделение имаа посета од писателката „Јадранка Клисарова“ која е истоимениот писател на лектирата „Децата од моето училиште“ која учениците ја обработуваа со цел љубов кон читањето и придобивките од истото.

На 21.5.2024г. учениците од VIIа одделение во улога на екоамбасадори учествуваа на работилница која е во рамките на проектот" Воспоставување на Мрежа за искуствено учење и спроведување на програма за едукација за животната средина и климатските промени". Движејќи се по едукативната патека во националниот парк Галичица, учениците имаа можност да научат следење (мониторинг), да истражуваа заедно со едукаторот и да собираа и одредуваа растителни и животински видови.

На ден 22.5.2024г. учениците од IV одделение имаа работилница на тема „Кликај безбедно“ спроведена од претставници на мобилен оператор А1, во организација на тимот за превенција од насилство. Целта е заштита од злоупотреба на лични податоци, како и правилно користење на интернетот.

Општина Центар по повод празникот на сесловенските просветители „Св.Кирил и Методиј“ и оваа година додели награди за најуспешните наставници, стручни соработници и првенец на генерација од училиштата на територијата на општината. Наши ученици земаа учество на овој настан ,,Академско пладне” со подготвен рецитал на ден 22.5.2024г. во просториите на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“.

Во период од 22.5 до 6.6.2024г. учениците од IIа, IIб и IIв одделение беа во посета на Комерцијална банка (филијала Буњаковец). Таму имаа предавање од овластено лице кое ги запозна со професијата банкар со цел учениците да се запознаат и да ги прошират своите знаења во врска со штедењето како и продлабочување на знаењата од наставната содржина по математика за банкноти и монети. Посетата беше интегрирана со наставна содржина од предметот општество така што учениците имаа можност и да се запознаат со објектите во непосредната околина како и со сообраќајните правила, прописи и знаци.

На ден 23.5.2024г. учениците од IV одделение одделение имаа работилница на тема „Моите емоции“: ,,Како да се справам со лутината и бесот", спроведена од социјален работник и психотерапевт под супервизија Елена Чикос и лиценциран психолог и психотерапевт под супервизија Јована Затаракоска, соработници на Психолошкиот центар Алтернатива, се со цел правилно справување со чувствата и емоциите.

На ден 23.5.2024г. учениците од IIб и IIIв одделение беа во посета на Зоолошка градина. Целта беше едукација и развивање љубов кон животните како и збогатување на знаењата за желките преку предавање по повод Светскиот ден на желките.

На ден 23.5.2024г. со учениците од V одделение се одржа работилници за превенција од насилство - „ И јас имам глас“ - Вештини за комуникација и слушање. Запознавање со можни причини за насилно однесување од позиција на различни општествени групи и запознавање со различните начини на индивидуално и групно реагирање на насилство е целта на реализацијата.

На ден 23.5.2024 учениците од I до IX одделение преку креативни работилници го одбележаа и чествуваа празникот на сесловенските просветители „Св.Кирил и Методиј“. Целта е проширување на знаењата за животот и делото на сесловенските просветители и мисионери на христијанството Светите браќа Кирил и Методиј и развој на чувство за почит кон личности од минатото и историјата.

На ден 29.5.2024г. неколку ученици од предметна настава беа во посета на Меморијален центар на холокаустот на Евреите во Македонија. Целта е завршен настан на проектот “Наследство и традиција, минатото раскажано денес” каде учениците ги надополнија своите предзнаења.

На ден 30.5.2024г. учениците од I-IX одделение преку еднодневен излет во „Скопска Црна Гора, Манастир „Св. Никита“ развиваа интерес за природата и градење еколошки навики. Социјализацијата, стекнувањето искуство за осамостојување, грижата за себе како и запознавање со природното и културното богатство на областа е целта на истата.

На ден 31.5.2024г. учениците од V одделение земаа учество на Регионален проект: Семејни вредности ,,Од самиот почеток најдобра е тета" - проектна задача: Подарок за тета (Алки обоени со љубов и од срце). Целта е навраќање, поттикнување и промовирање на семејните вредности, како носечки столб во нашето општеството.

На ден 31.5.2024г. учениците од VIII одделение ја посетија Зоолошката градина каде преку работилница ги надополнија познавањата за класификација на животните и нивната распростанетост, подредување во соодветен тип и класа и обележување на нивните живеалишта на нема карта. Со ова работилница се овозможува и меѓупредметна интеграција(биологија и географија).

На ден 3.6.2024г. учениците од Iб одделение преку соработка со родител имаа можност да проследат презентација со репортажа преку фотографии од посета на Копенхаген. Целта е да се запознаат со убавините на земјата и да научат нешто повеќе за истата.

На ден 5.6.2024г. учениците од IIIа одделение земаа учество со нивни цртежи за детското списание„ Другарче“ со цел развивање на љубов кон цртањето и читањето на детски списанија.

На ден 5.6.2024г. учениците од IV одделение имаа работилница на тема „Хигиена на заби“, одржана од страна на медицински центар Идадија, со цел учениците да ги обноват знаењата околу одржување на хигиената

На ден 5.6.2024г. учениците од VII одделение ја посетија хидроцентралата Матка, каде преку презентација и работилница ги надополнија содржините по предметот биологија за обновливи извори на енергија и хидроцентрали во Македонија.

Во период од 5 - 7.6.2024г. учениците од I одделение имаа работилница на теми „Градба и функција на орална празнина“„Правилна исхрана и конторла на внес на шеќери“„Правилна Орална хигиена“„Редовна посета на стоматолог и употреба на флуороциди во превентивни цели “. Истата беше организирана од службата за детска и превентивна стоматологија – Здравствен дом (поликлиника Идадија), се со цел стекнување повеќе знаења за оралното здравје уште од најмала возраст.

На ден 6.6.2024г. учениците од IVб одделение беа во разгледување на Стара Скопска Чаршија, посета на неколку занаетчиски работилници (ковачка, лимарска и резбарска), женското средно училиште во Капан Ан, Скопско Кале, ќебапчилница „Турист“ . Целта на оваа посета беше од рекреативно-образовен карактер.

На ден 7.6.2024г. учениците од IIа во соработка со родителите имаа посета од родител доктор - специјалист по орална хирургија Билјана Евросимовска која ги запозна учениците со својата професија. Целта беше учениците да стекнат и да ги прошират своите знаења од областа на оралното здравје.

На ден 12.6.2024г. учениците од IIIа ја посетија Хеликоптерската единица на МВР. Целта на посетата беше учениците да ги збогатат своите знаења за воздушниот сообраќај.

На ден 13.6.2024г. учениците од IV одделение беа во посета на занаетчиите, филигранската и берберската работилница, со цел запознавање со културата и традицијата на татковината.

На ден 15.6.2024г. се одржа завршна генерациска забава на учениците од V одделенија. Целта е поттикнување среќа, радост и убаво расположение кај учениците, за успешно завршени први пет години од нивното образование, како и мотивирање за понатамошен напредок и успех во нивното школување.

**Одговорен наставник:**

**Искра Алексиевска**

**ПРИЛОГ БР. 20**

## Годишен извештај за работата на хорот и оркестарот

Во првото полугодие од учебната 2023/2024 година беше направена аудиција за нови членови и реаудиција на старите членови во училишниот хор. Во ова полугодие часовите по хор се реализираа поединечно (по хорски гласови) и групно (сите гласови заедно) за поголема ефикасност во совладување на потребниот материјал за ова полугодие. Беа поставени основите на вокалната техника преку вокални технички вежби и пеење на песните „Химна на Република Северна Македонија“, и реализација на програмата за хор. Во првото полугодие од учебната 2023/2024 хорот реализираше и е воннаставни активности во соработка со Општина Центар, но и за потребите на нашето училиште.

На 1.9.2023 со училишниот хор им посакавме добредојде на нашите првачиња. Во соработка со Општина Центар хорот зема учество во одбележување на Светскиот ден на учителот одржан на 3.10.2023 во нашето училиште. Истовремено заедно со сите овие настапи хорот ја реализираше и тековната програма предвидена за хор за учената 2023/2024.

Во второто полугодие Училшниот хор зема учество на патрониот празник со три вокални точки. Во учебната 2023/2024 година хорот успешно ја реализира програмата предвидена за учебната 2023/2024 година.

Преку работата во училишниот хор учениците ги прошируваа знаењата и способностите од областа на музиката и развиваат чувство за естетика. Учениците се оспособуваат за колективена работа и заедничка презентација на вокални дела.

Во првото полугодие од учебната 2023/2024 година беше направена аудиција за нови членови во оркестарот и реаудиција за старите членови кој членуваа во претходната учебна година во училишниот оркестар. Наставата се одвиваше индивидуално според основната поделба на инструментите и групно сите инструменти заедно со цел полесно совладување на материјалот предвиден за оваа учебна година.

Учениците во оркестарот музицираат на инструменти кој ги имаат во нивна приватна сопственост. Со членовите се работеше на техника на поставување и држење на раката, свирење на технички вежби и свирење на скали.

Со новите членови на оркестарот почнавме со основно запознавање на нивниот инструмент и поставување на основните техники за музицирање на инструментот. Учениците успешно и постепено ги совладуваат основите на музицирање во училишен оркестар. Во ова полугодие оркестарот успешно ја реализираше предвидената програма за ова полугодие.

Преку работата во Училишниот оркестар учениците ги проширија знаењата и способностите во областа на музиката и развиваат чувство за естетика. Учениците се оспособија за колективен однос и заедничка презентација на инструментална музика.

Во второто полугодие учениците земаа учество на Патрониот празник со една музичка мелодиска точка. Оркестарот успешно ја реализира предвидената програма за учебната 2023/2024 година.

**Одговорен наставник:**
**Оливер Кузмановски**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@yahoo.com

**ПРИЛОГ БР. 21**

**Годишен извештај на тим за**

**,,Соработка со родители”**

**2023/2024г.**

**Во текот на учебната 23/24г., се реализираа поголем дел активности во насока на подобрување на соработката со родителите. Предвиденото во Годишната програма за соработка со родители, беше и реализирано.**

- На првата родителска средба родителите беа информирани за ***Годишната програма за соработка со родители за учебната 2023/2024*** *год.* со насока за отворена соработка .
- Исто така им се посочи значењето на нивното активно учество во предложување на идеи и предлози за унапредување на работата на училиштето, активно учество во процесот на вреднување и самовреднување на работата на училиштето.

Во текот на учебната година, програмата за соработка со родители се реализираше низ повеќе активности и тоа:

- Беа реализирани пет редовни родителски средби;
- Родителите редовно беа запознавани со предизвиците, проблемите, успехот и со однесувањето на учениците и взаемно се наоѓаа начини за подобрување на истото.
- Беа реализирани индивидуални средби со родители по препорака на одделенскиот/класниот раководител или пак по иницијатива на родителот на ученикот.
- Беа реализирани посети и работилници со јавните и приватните институции и установи во кои работат родителите на учениците, а во интерес на ВОП;
- Беа организирани Новогодишни работилници на кои учениците и родителите заедно со наставниците имаа можност да се подготват за Новогодишниот Базар во училиштето.
- Во текот на учебната 2023/24г. родителите беа континуирано вклучени во училишните, слободните и вонучилишните активности кои се реализираа со наставниците и учениците.

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: oоukirogligorov@yahoo.com

## Табеларен приказ од реализирани родителски и индивидуални средби

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Извори/ ресурси | Методи и постапки за реализација | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општа родителска средба од I до IX одд.** | Запознавање на родителите со наставниот план и програма за тековната учебна година 2023/2024. | Одделенски раководители од I до IX одд. | Напатствија со дневен ред за состанокот. | Дискусија и разговор | септември 2023 | Реализација на предвидените активности во договор со родителите. |
| **Индивидуални средби и приемни денови на наставниците од I до IX одделение.** | Запознавање на родителите со успехот по секој наставен предмет | Наставници од I до IX одд. | е- дневници, записници | Разговор и дискусија | Во текот на учебната година | Подобрување на успехот,поведението и редовноста кај учениците |
| **Општа родителска средба од I-IX одд.** | Информирање на родителите за покажаниот успех и поведение на учениците во првото тримесечје | Одделенски раководители од I до IX одд. | Одделенски дневници, записници,евидентни листи,е-дневник | Дискусија и разговор | Ноември 2023 | Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението, реализација на предвидените активности во договор со родителите |
| **Општа родителска средба од I до IX одд.** | Информирање на родителите за полугодишните оценки на крајот од првото полугодие преку е-дневникот | Одделенски раководители од I до IX одд. | Одделенски дневници, записници,електронски папки со изработки за секој ученик,евидентни листи,е-дневник. | Дискусија и разговор | Јануари 2024 | Подобрување на успехот, поведението и редовноста кај учениците |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општа родителска средба од I до IX одд.** | Информирање на родителите за покажаниот успех и поведение на учениците во третото тримесечје | Одделенски раководители од I до IX одд. | Одделенски дневници, записници,евидентни листи,е-дневник | Дискусија и разговор | Април 2024 | Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението, реализација на предвидените активности во договор со родителите |
| **Општа родителска средба од I до IX одд.** | Информирање на родителите за годишните оценки на крајот од учебната година преку е-дневникот | Одделенски раководители од I до IX одд. | Одделенски дневници, записници,електронски папки со изработки за секој ученик,евидентни листи,е-дневник. | Дискусија и разговор | Јуни 2024 | Подобрување на успехот, поведението и редовноста кај учениците |

**ПРИЛОГ БР. 22**

## Годишен извештај за реализација на воспитно-образовната програма во продолжен престој

Програмата за работа во продолжен престој во ООУ ,,Киро Глигоров" се состои од планирање на содржините и активностите на учениците од четврто одделение, кои се од различни паралелки. Во првото полугодие, програмата е реализирана во целост. Најпрво, учениците во продолжен престој имаат организиран ручек. Потоа, реализацијата на планираните наставни активности се состои од извршување на домашните задачи од страна на учениците, каде работат самостојно, секогаш во консултација со наставникот, кој објаснува и дообјаснува одредени нејаснотии околу наставните содржини. Наставникот ја следи работата на учениците, им дава поддршка при изнаоѓање на вистински решенија на задачите и ги корегира. Домашните задачи секогаш се проверуваат од страна на наставникот. Откако учениците ќе завршат со пишување на домашните задачи, следуваат слободни активности во училишниот двор, секогаш кога временските услови тоа го дозволуваат. Учениците се рекреираат со разни игри со топка, ластик, хулахоп и сл. Потоа, согласно наставната програма и неделното планирање, следат активности врзани со вежби, при што се увежбуваат знаењата и вештините на учениците, учениците се подготвуваат за наредниот час, за предвиден контролен тест од одреден наставен предмет и слично. По завршувањето на вежбите и подготовките за следниот наставен ден, повторно учениците имаат слободни активности, кои секогаш се планирани, и се во согласност на интересите на учениците. Слободни активности кои се извршуваа во првото полугодие се следните: цртење, боење, рачна изработка на секакви украси, картички, честитки, новогодишни украси, изработки кои учествуваа на хуманитариот новогодишен базар, украси, честитки и картички врзани со одредени празници и друго, следење на документарни филмови, анимирани филмови, едукативни емисии, слушање на музика, кои учениците со задоволство ги следеа. Исто така, организирано е и играње на едукативни игри на паметната табла со цели од предметот математика, игри кои овозможуваат зајакнување на визуелната перцепција кај децата и зголемување на когнитивните способности, како и играње на разни друштвени игри како ,,Не лути се човеку ", со што се забавуваа, натпреваруваа и дружеа меѓусебно. Учениците како слободна активност одбираа и да прочитаат одредена книга или литература од библиотетката во училиштето, согласно нивните интереси.

Програмата за работа во продолжен престој во ООУ,,Киро Глигоров", во второто полугодие е реализирана во целост. Реализацијата на планираните наставни активности, како во првото полугодие, така и во второто започнуваа со организиран ручек за учениците, а потоа самостојно извршување на домашната задача. Наставникот ја следеше работата на учениците, им даваше поддршка при изнаоѓање на вистински решенија на задачите. Учениците во продолжен престој се подготвуваа за наредниот наставен ден, за предвидени проверки на знаењата и контролни тестови и натпревари. Организирани беа и забавни начини за усвојување и проверка на знаењата како квизови, преку кои учениците самостојно беа во можност да го следат сопствениот напредок во учењето. Исто така, учениците ги утврдуваа знаењата преку игри како ,,Бинго" и интерактивни игри на смарт таблата од областа на математика, македонски јазик и природни науки, игри кои овозможуваат зајакнување на визуелната перцепција кај децата и зголемување на когнитивните способности. Со цел проширување на знаењата од одредени области, учениците во продолжен престој следеа играни и документарни филмови. Најголем интерес учениците покажаа за историските филмови, се

интересираа за содржината, поставуваа прашања, а потоа дискутиравме и ги утврдувавме научените факти. Организирано беше и следење на разни документарни филмови, едукативни емисии, секогаш врзани за наставните содржини кои ги изучуваат во моментот, кои учениците со задоволство ги следеа.

Слободното време е од големо значење за учениците во продолжен престој. Слободното време беше организирано за играње разни друштвени игри како ,,Не лути се човеку", ,,Твистер", ,,Монопол" и друго. Се релаксираа преку редење на сложувалки, цртање, боење, изработка на украси и разни изработки за одредени празници, слушање на музика и танцување. Секогаш кога временските услови дозволуваа, на учениците им беше обезбеден престој на отворено во училишниот двор, каде играа слободни игри со топка, ластик, хулахоп и останати реквизити согласно нивниот интерес.

Во продолжениот престој се негува и социо-емоционалниот развој на учениците, па согласно тоа, разговаравме, дискутиравме и дебатиравме на разни теми актуелни за нивниот развој и добросостојба, јакнејќи ги позитивните човекови особини, другарството, прифаќање на различностите, решавање на конфликтни ситуации, толеранцијата, стекнувајќи навики за почитување на туѓото мислење.

Со реализирање на воспитно-образовните активности во продолжениот престој, се реализираа целите на продолжениот престој, односно способност на учениците за самостојна работа, самостојно проверување на сработеното, барање и давање на помош во учењето со соучениците, развивање на вештини и формирање на ставови, другарување и соработка на сите ученици со учениците од другите одделенија, почитување на правила, рекреација, ред и дисциплина, унапредување на социјалните вештини, стекнување и одржување на хигиенски навики, способност на проценка на добри и лоши постапки, способност да ги задоволуваат и развиваат вештините и интересите, јакнење на самодовербата и свеста за одговорност за своите постапки, креативно изразување и навика за точно и уредно извршување на добиените задачи.

**Одговорен наставник:**

**Николина Младеновска**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@yahoo.com

**ПРИЛОГ Бр.23**

## Извештај од спроведени активности на Тимот за професионален развој

I.Изработка на Акциски план за работата на Тимот за професионален развој.

II.5.7 .2023 година Дисеминација на искуства од Еразмус проект „Креативни образовни практики за вклучување на надарени деца“

II. 23.8.2023 г. Обука од eTwining „Inclusion and Diversity in eTwinning“ . Обуката ја организираше претставник на eTwining од нашето училиште организирано од Национална агенција за европски образовни програми.

III. 24 и 25.8.2023 г. Обука „Врсничко насилство во основното училиште“- Универзитет Американ Колеџ - Скопје

II.– 24 и 25.8.2023 год.Од страна на стручните активи дадена е повратна информација за реализација на личниот план на професионален развој на наставниците. Училиштето водеше грижа за личниот и професионален план на наставниците . Беше организирана обука по барање на училиштето до БРО врз основа на анализата направена во првото полугодија за потребата и стручна надградба на наставниците. На наставниците им беа понудени обуки од страна на Бирото за развој на образованието на Република Северна Македонија. Сите наставници ја проследија обуката што ја избраа „Стратегии за менаџмент во училница – принципи и примери на добра практика за позитивна атмосфера во училница и во онлајн – виртуелна училница“. Од оваа обука секој наставник стекна компетенција за примена на иновативни методи и техники во наставата за која беа изготвени сертификати.

III. 23.6.2023 г. Во просториите на нашето училиште се одржа обука „Учење преку истражување , работа на проект и решавање проблеми“- организирана обука од Биро за развој на образованието.

IV. 19 и 20. 10. 2023 г. Обука на наставници „Стратегија за ненасилство во училиштата“ во организација на меморијален центар „Никола Кљусев“

V. 17 и 18. 1. 2024 година Организирана обука за проект медиумска писменост „Младите размислуваат“ во реализација на УСАИД, КРЕКС, Локални партнери, МИМ, ИКС во соработка со МОН и БРО. Обуката има за цел наставниците да добијат ресурси за стекнување на неопходните вештини и знаења коишто ќе им ги пренесат на учениците.

VI. Во организација на ЗОН учител поголема група од наставниците ги проследија следниве обуки

31.1. 2024 – „Епатија кон надарените и талентираните“, 1-29.2 2024 – Училница со ретка писменист“, 21.2.2024 „Еколошко образование и климатска писменост“

VII. 24.2 .2024 г. Дел од наставниците проследија обука „Специфични тешкотии во учењето од логопедски аспект„ организирана од здружението АЈНШТАЈН и Советувалиште Неуроклиник

VIII. 8.4.2024 година – Споделувања искуства од реализираните наставни содржини по медиумска писменост од обуката за наставници. Изведена онлајн средба со советник од БРО.

**Одговорен наставник : Билјана Васиќ**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: oоukirogligorov@yahoo.com

**ПРИЛОГ Бр. 24**

## Годишен извештај од тимот за Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Според акциониот план изготвен за учебната 2023/2024 година тимот за естетско уредување на училиштето во прво и второ полугодие изведе активности со цел подобрување на наставниот процес.
Активностите кои беа планирани во програмата за естетеко уредување на училиштето беа во целост реализирани во периодот од Септември до Јуни. Реализирани активности се:

Обновување, естетско и тековно уредување на дворот и приодот кон училиштето

Естетско уредување на ентериерот на училиштето со растенија и цвеќе

Естетското обликување и украсување на ентериерот на училниците

Изработка на потребни помагала и естетско уредување на холот на училиштето за пречек на новите ученици (Прием на првачиња).

**Изложба на ликовни и литературни творби по повод:**

-Одбележување на 8 септември

-Одбележување на денот на Учителот

-Одбележување на 11 Октомври

-Одбележување на 23 Октомври

-Одбележување на 31 Октомври Halloween

-Одбележување на 4 Ноември – ден на општина Центар

-Одбележување на 14 Февруари

-Одбележување на 8ми Март

-Одбележување на патрониот празник на училиштето

**Подобрување на естетскиот изглед на училиштето по повод:**

- доаѓање на есента ( уредување на училишните паноа со есенска тематика)
- новогодишните празници (изработка на новогодишни украси и уредување на училиштето и училишните паноа)
- доаѓањето на пролетта (уредување на училишните паноа со пролетна тематика – цвеќиња, птици и шарени мотиви)
- одбележување на Велигден (изработка на украси и паноа со акцент на симболите на Велигден)
- одбележување на Патрониот празник на училиштето (изработка на училишните паноа со мотото на празникот, наградените ликовни и литературни творби)
- Не за Насилство, Да за толеранција (изработено пано со стрипови на кои се прикажуваат ситуации каде што има вербално, физичко или психичко насилство – како и решение за истите)

Во текот на училишната година, сите наставници учествуваа во уредување на училишните холови и паноа. Индивидуално, наставниците ги средуваа своите паноа со изработки од тековните активности, проекти и работни листови од одржаните часови.

**Одговорен наставник на Тимот за естетско уредување:**
**Катица Лазовска**

**ПРИЛОГ БР. 25**

**Извештај од спроведени активности на Тимот за превенција од насилство**

I. Последната седмица од месец октомври нашето училиште беше дел од едукативната кампања на Макпетрол **„Крени глас против врсничкото насилство“.** Физичкото, вербалното, односно, социјалното и сајбер – насилството се дел од животот на децата во Македонија уште од најрана возраст. Една од главните цели на оваа кампања е да поттикне промени во начинот на којшто се сфаќа булингот, но и кои чекори треба да се преземат за ова однесување да биде препознаено и спречено.

II. Во период од 7.11.2023 до 22.11.2023 година во нашето училиште во седмите и осмите одделенија се одржаа превентивни работилници за **штетното влијание и последиците од употребата на дрога, алкохол и цигари**. Работилниците ги реализираше нашата родителка инспектор Билјана Брлечиќ, која од оваа учебна година се приклучи на нашиот училишен Тим за превенција од насилство. Со овие активности нашето училиште зема учество во одбележувањето на месецот во борба против зависности, кој според календарот на Црвениот крст се реализира под мотото „Информирај се и донеси одлука“

III. Во период од 25.11.2023 до 10.12.2023 На ден 25.11.2023 се одбележаа **„16 дена активизам против насилството врз жените“**. Родовата еднаквост е наша заедничка задача. Треба да биде наследство на новите генерации, да им оставиме свет во кој жените и девојчињата уживаат еднакви права на секое поле, свет со кој секој човек може да се гордее. По тој повод активно учествоземаа учениците од предметна настава под менторство на наставникот по ликовно образование Снежана Шумковска. Учениците цртаа под мотото „Стоп за насилство врз жената“. Целта на оваа активност е да се подигне свеста за родово заснованото насилство врз жените односно насилството насочено против жената само затоа што е жена.

IV.Во текот на месец декември се одржаа едукативни работилници од страна на Тимот за превенција од насилство во кои беа опфатени учениците од сите генерации. Целта на работилниците е развој на социјалните вештини и вештините за надминување на насилно однесување во училиштето, развој на емпатија и управување со сопственото однесување преку препознавање на лутината како поттик на насилната реакција.

- Во прво одделение беше одржана работилница **„Другарство“** која беше во корелација со содржина од наставната програма по предметот Општество. Со оваа работилница беа опфатени 105 ученици. Целта е да се поттикнат учениците да размислуваат за оваа тема и да ги развиваат другарството, почитувањето и солидарноста во одделението. Заклучокот од работилницата е тој дека добриот другар е искрен, те разбира, те охрабрува, ти помага, те брани и најважно од се не те тера да правиш работи што не се добри.

- Во второ одделение беше одржана работилница **„Моето тело и моите чувства“**. Целта на работилницата е постигнување свесност кај децата за она што го чувствуваат, квалитетот и интензитетот на чувствата. Заклучокот од реботилницата е дека со споделување на своите емоции се намалува напнатоста и се добива можност некој да ти помогне.

- Во трето одделение беше одржана работилница **„ Смопочитување - свест за себе“.** Целта на оваа работилница беше развивање на самопочитување преку свесноста за себе. Заклучокот од оваа работилница е дека самопочитувањето е основа на самодовербата. Учениците кои добро се чувствуваат во врска со себе полесно ги пребродуваат пречките и негативните ситуации со кои се среќаваат и полесно се справуваат со негативните емоции.

- Во четврто одделение, во првата седмица од месец декември беше реализирана работилница на тема **,,Учениците во насилни ситуации“** со главна цел запознавање со начините на индивидуално и групно реагирање на насилството. Со работилницата беа опфатени сите ученици од четвртите одделенија, при што водеа дискусија, даваа свои мислења и примери за насилни ситуации и решавање на истите. На крајот од работилницата учениците донесоа повеќе заклучоци, како на пример дека – Секогаш постои решение по мирен пат, без насилство.

- Во петто одделение беше реализирана работилница „Лебдење во балон“. Целта на работилницата е да им се помогне на учениците во препознавање и разработка на различните видови загуби во нивниот живот. Заклучокот од оваа работилница беше дека загубата е составен дел од животот, тагата е природен одговор на загубата и не постои правилен или погрешен начин на тагување.

- Во шесто одделение се реализираше работилница сонаслов **„Ненасилно решавање конфликти”**. Цели на работилницата беа пошироко согледување на конфликтите, нивно подобро разбирање, развивање вештини потребни во процесот на разработка и трансформација на конфликтите. Учениците и од двете одделенија активно учествуваа во активностите и на крај дојдоа до заклучок дека предусловите за ненасилно справување со конфликтите би можеле да ги сведеме на: Самопочитување и почитување на другите; подготвеност за слушање и разбирање; препознавање и задоволување на потребите, без загрозување на другите; соработка; отвореност и критичност; подготвеност за преиспитување на сопственото однесување и ставови; истрајност во процесот; фантазија, креативност, уживање.

- Во седмо одделение беше реализирана работилница насловена **„Што може да те испровоцира“**. Целта на работилницата беше учениците да ги препознаат своите тригери, да заклучат како конфликтот може да има позитивни последици и да го препознаат контекстот на настанување на конфликтот во секојдневието. На крајот од спроведената работилница, може да се заклучи дека учениците знаат да ги препознаат своите „тригери“, но им треба помош за да решат зададен конфликт.

- Во деветo одделение беше спроведена работилница „А што сега? Стилови на решавање конфликти“ На истата се разговараше за начините на решавање на конфликтите според одредени ситуации наведени во работниот лист како и нивни лични ситуации.Целта на работилницата беше:учениците да ги совладаат основите за воспоставување соработка и решавање на проблеми; да ги унапредат комуникациските вештини; да применуваат компромис и соработка; да научат разлики меѓу видовите на решавање на конфликти и да ги применуваат. Од присутни 27 ученика во 9а 20 ученика се изјаснија за компромис, 5 за соработка и 2 за натпреварување.Во 9б одделение од 26 ученици, 16 ученици се изјаснија за компромис, 7 за избегнување и 3 за натпреварување.

V. Во текот на третото тромесечие се одржаа едукативни работилници од страна на Тимот за превенција од насилство во кои беа опфатени учениците од сите генерации. Целта на работилниците е развој на социјалните вештини и вештините за надминување на насилно однесување во училиштето, развој на емпатија и управување со сопственото однесување преку препознавање на лутината како поттик на насилната реакција.

- Во **прво одделение** беше одржана работилница **„Кутија на среќата“**. Со оваа работилница беа опфатени 107 ученици. Целта е да умеат учениците да ја опишат и ликовно да ја изразат сопствената визија за среќата, и да се оспособат да ги воочуваат разликите меѓу материјалните и нематеријалните добра. Учениците дојдоа до заклучок дека кога се тажни повеќе ги усреќева прегратка отколку бонбона и дека е поголема среќа е да се има многу пријатели отколку многу играчки. Сепак она што не е материјално не прави посреќни.

- Во **второ одделение** на 2.4.2024 беше одржана работилница „**Разлики меѓу нас**.“ Цели на оваа работилница се учениците да станат свесни за разликите меѓу луѓето; да се стават во улога на другите; и на разликите да гледаат со почитување. Учениците научија дека сите луѓе се различни и како да ги почитуваат различностите.

- На ден 1.4.2024 учениците од **трето одделение** имаа работилница „**Формирање правила**“. На листови со формат А4 учениците пишуваа правила со фломастер. Работеа во парови. Во работилницата учествуваа вкупно 115 ученици од сите 4 одделенија. Целите на работилницата се: учениците да се запознаат со постоечките правила во училиштето и последиците во случај на кршење на правилата. Учениците формулираат правила кои во иднина ќе важат во одделението и ќе придонесат училишните правила да влијаат врз намалување на врсничко насилство. Заклучок: Развој на социјални вештини и вештини за надминување на насилно однесување во училиштето, развој на емпатија, подобро разбирање на училишните правила, вредности и постапки предвидени со училишните правила.

- Во четврто одделение, на ден 2.4.2024 година се одржа работилница на тема „**Добрите и лошите страни за опасностите од мобилните телефони и интернетот**“. Токму поради тоа треба да ги подучиме учениците како тоа да го препознаат и како да се заштитат ако се најдат во таква или слична ситуација. Разговорот за опасностите и ризичното однесување само по себе кај повеќето ученици нема да поттикне љубопитност за ризик ниту ќе ги насочи во негативен правец.
Активност:
Преку игра за загревање и разговор со учениците, со работа во групи доаѓаме до заклучоци кои ги запишуваме во наставниот лист .
Цели
Целта расветлување/разјаснување на добрите страни на мобилните телефони и интернетот и опасностите при нивната употреба, беа совладани.
Заклучок: Учениците ги увидоа можните опасности од погрешна употреба на интернетот и мобилните телефони.

-Во месец март во **петто одделение** беше спроведена рзботилницата „**Насилство – поим и видови**“. Со оваа работилница беа опфатени 88 ученици. Целта на разботилницата е учениците да знаат/разберат што е насилство и кои облици на насилство постојат, да стекнат знаења и да се подготват да реагираат на насилството конструктивно (лицата кои го набљудуваат насилството, лицата кои трпат и лицата кои се

сторители на насилство). Да научат да ги задоволат своите потреби и емоции без загрозување на правата на другите, користејќи адекватни комуникативни вештини, Да научат да го контролираат бесот и да владеат со своите емоции. Учениците во паралелките на петто одделение. позитивно реагираа на можноста да научат да ги реализираат активностите од прирачникот, беа заинтересирани за новите содржини кои се однесуваа за примената на едукацијата за справување со непријатни и негативни емоции на секој вид насилство , беа посветени на изработката на работните задачи, новите методи и техники на учење. Групите беа соработливи и одговарија на сите поставени прашања за дискусија. Овие работилници придонесуваат за создавање сопствено мислење кај нив,да ги прошират своите знаења и да донесат свој заклучок за справување со конкретни примери и ситуации . Интересот кај учениците поттикнува да продолжиме со реализација на останатите содржини од Прирачникот.

- На ден 25.3.2023 година (понеделник), на одделенски час во 6а и 6б одделение се реализираше работилница со наслов “**Безбедно користење на Интернет**”.

Целите на работилницата беа
- Препознавање на добрите и лошите страни од користење социјални мрежи;
- Освестување за насилството по пат на социјалните мрежи;
- Набројување начини на постапување во случај да станат жртви на виртуелното насилство и начини на превенција.

За време на работилницата имаше неколку активности како што се Дискусија (гласно размислување за добри и лоши страни на Интернетот), вежба за добри и лоши страни на Интернетот и на крај совети од наставникот за карактеристики и информации за сајбер насилство. Учениците и од двете одделенија активно учествуваа во активностите и изработија вежба за добри и лоши страни на Интернетот. Наставникот ги поттикна да одговорат на следните прашања:
- Сега кога ги слушнавте добрите и лошите страни на социјалните мрежи, дали некои се поврзани со насилно однесување?
- Наведете некои примери за облици на насилство по пат на социјалните мрежи?
- Дали знаете некој кој бил жртва на насилство по пат на социјалните мрежи?

На крај наставникот им подели информации за
- Што подразбира Сајбер насилството
- Карактеристиките со кои сајбер насилството се разликува од насилството лице в лице
- Што да направат во случај на насилство.

На часот беа присутни - во 6а 28 и во 6б 28ученици. Пројавија интерес за повеќе работилници во второ полугодие на слични теми.

На ден 5.2.2024 година е извршена работилница на одделенски час во 9а и 9б одделение, Работилница **„Ученик- насилник“.** На истата се разговараше за насилството дали вербално или физичко насилство дали на нив им се случува или на некој друг на кого би се обратиле за

помош и совет. Со кого им е најпријатно да разговараат?
Целта на работилницата беше:
-учениците да умеат да препознаат разни видови на насилство, навремено да реагираат и да превземат соодветни чекори во училиштето за сите да се чувствуваат сигурни. На прашањето: доколку имате проблем на кого можете да му се обратите за помош? Ги добивме следниве одговори: Од присутни 26 ученика во 9а 6 ученика се изјаснаа на пријател, 10 на член од семејството, 8 ученици класен раководител и 2 на стручна служба. Во 9б одделение од 26 ученици, 5 ученика се изјаснаа на пријател, 12 на член од семејството, 8 ученици класен раководител и 1 на стручна служба.
VI. Во четвртото тримесечие Тимот за превенција од насилство ги одржа третите работилници за учебната 2023-24 година.
На 27.5.2024 година во првите одделенија се реализираше работилница со наслив „Моите чувства и јас“. Целта на работилницата е осознавање и споделување на сопствените емоции; прифаќање на сопствените емоции и развивање емпатија; осознавање како на мене и моите емоции делуваат реакциите на другите; усвојување на начини на реагирање и поддршка на туѓите емоции; осознавање на емоциите на оние кои злоставуваат, кои трпат и кои набљудуваат; усвојување на различни начини на однесување кои ќе бидат поддршка во
ситуации на злоставување. Од оваа работилница дојдовмо до заклучок дека најважната работа е некој да не сослуша и да ни кажедека разбираат како се чувствуваме и можеби да ни раскажат како тие се чувствувалево слични ситуации и што направиле.

Во второ одделение на ден 27.5.2024 се реализираше Работилница бр.3 „Лутина и Агресивност“ Целта на оваа работилница е:
Препознавање на своите и туѓи чувства;
Разбирање на изворот/причините за овие чувства;
Начин на растоварување на негативните чувства;
Заклучок кој произлезе од оваа работилница е следен:
Научивме како да се справуваме со лутина и бес. Како да ги надминуваме овие состојби во нас и да ни биде полесно и како да помогнеме на другарче кога е во ваква состојба.
На ден 27.5.2024 на одделенски час учениците од трето одделение
одржаа работилница на која одговараа усно и писмено на дадени
прашања заедно со одделенските наставници.
Цел на работилницата:
Расветлување/разјаснување на добрите страни на мобилните телефони и интернетот и опасностите при нивната употреба
Активности
За ефикасно воспитно-образовно информирање на учениците како и во интерес на угледот и достоинството на професијата и училиштето, наставникот, односно стручниот соработник е должен да се грижи и да придонесува за градење и развивање на позитивни професионално коректни односи со своите колеги, при што:

- е должен да го почитува секој свој колега врз основа на другарство, искреност и отвореност со што се обезбедува услов за креативност и конструктивна работа;
- меѓусебната соработка да ја темели врз заемно договарање, разменување на искуство, одлучност и совесност, ефикасно извршување на договорените задачи;

- во комуникацијата со учениците, родителите и со други лица да ја цени стручноста и достоинството на своите колеги и се воздржува од изнесување на слабостите и озборувањето;
- во личен разговор или стручен состанок добро намерно и без тендициозност да укажува на слабостите на своите колеги со што ги штити угледот на професијата и на училиштето;
- ги почитува и спроведува ставовите и одлуките на мнозинството изградени врз слободна и јавна расправа;
- солидарен е со својот колега особено кога станува збор за решавање на социјални и здравствени проблеми;
- им помага на младите колеги со пренесување на своето педагошко и стручно искуство и знаење.

**7. Наставникот, односно стручниот работник и училиштето**

Наставникот и стручниот работник додека се наоѓаат во училиштето се на должност цело време и при тоа се обврзуваат:

- да го почитуваат работното време и траењето на наставниот час;
- активно да учествуваат во реализацијата на сите планирани и програмирани задачи на стручните органи и тела;
- да се грижат за целиот училиштен простор и имот, посебно за училницата во која изведува настава;
- да ги почитуваат на правилата од куќниот ред на училиштето;
- да се придржуваат на правилата од куќниот ред на училиштето;
- да се однесуваат како добар домаќин со внатрешниот имот на училиштето.

**8. Наставникот односно стручниот работник и општествената заедница**

Во современите демократски времиња наставникот, односно стручниот работник се раководи исклучиво од установите и законските определби при што:

- се придржува кон меѓународните стандарди, договори и конвенции за слободите и правата на човекот , а особено Конвецијата на ООН за правата на детето;
- има право и должност да се залага и да се бори за достоинството и професијата просветен работник;
- се залага и се бори за достојна материјална положба на образовните институции со цел да се обезбеди нивно нормално фукционирање како основен услов за квалитетно организирање на едукативниот процес;
- се залага и се бори за соодветен материјален статус на професијата и наградувања на неговата работа што ќе му овозможи целосно да се просвети на квалитетно, стручно и одговорно извршување на неговите работни задачи.

**9. Завршни одредби**

Секој наставник односно стручен работник се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс.

**10. Прекршок**

За непочитување и непридржување на Кодексот за однесувањето на наставниците и стручните соработници одговорен е прекршителот лично.

**Училиштен одбор на ООУ „Киро Глигоров“ Скопје**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@yahoo.com

**ПРИЛОГ БР. 28**

## ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР (КУЌЕН РЕД)

Учениците, родителите и наставниците се стремат кон унапредување на воспитно-образовниот процес преку почитувањето на правилата за однесување во училиштето. Правилникот ги содржи основните начела на однесување во училиштето и училишниот двор, што е предуслов за непречена и успешна работа. Правилата се видливо истакнати во училишната зграда, така што родителите и учениците имаат можност постојано да имаат увид и училиштето да биде пријатно катче во кое постојано ќе се развива успешна соработка меѓу учениците, родителите и наставниците.

Сите учесници во воспитно-образовниот процес треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знаат своите права и одговорности.

Правила за однесување на учениците:

·Секој ученик треба да стигне 10 минути пред почетокот на часовите
·Да се почитува времето за почеток на часовите според распоредот на ѕвонење
·Пред секој час ученикот да го подготви потребниот прибор за работа
·По завршувањето на часовите работните простории да се оставаат уредни
·Учениците за време на наставата да не носат со себе вредни предмети (техничка опрема, накит, поголема сума пари и сл.) бидејќи за губење на истите училиштето не сноси одговорност
·Забрането е користење на мобилен телефон за време на часовите ( телефоните да се оставаат кај одделенскиот/класниот раководител.
·Ученикот не смее без одобрение на наставникот да го напушти часот и да се задржува во санитарните простории и ходниците
·Учениците се должни да се однесуваат пристојно и со почит кон другите ученици, наставно-воспитниот, раководниот, административниот и помошниот персонал во училиштето
·На учениците не им е дозволено влегување во наставничката канцеларија без дозвола од наставник
·Учениците се должни да го чуваат редот, дисциплината и хигиената во училишните простории и училишниот двор
·Ученикот секојдневно да се грижи за личната хигиена

·Учениците учествуваат во уредувањето на училниците, ходниците и училишниот двор

·Дежурните ученици се одговорни за редот, дисциплината, хигиената и обезбедуваат непречена реализација на наставата(чиста табла, сунѓер, креди) ги пријавуваат отсутните ученици и други појави во училницата

·Дежурниот ученик останува во училница кога останатите ученици имаат друга активност надвор од училницата или ја заклучува училницата кога учествува во активностите

·Задолжително чување на училишниот инвентар

**Кодекс на облекување на учениците:**

- Облеката која ја носат учениците треба да биде чиста и уредна.
- Облеката не треба да содржи обележја, натписи, фотографии и сл. кои би ги навредувале чувствата на другите во однос на етничката, верската, половата или пак друга припадност.
- Кога учениците се во училиште не треба да носат капи и качулки, премногу накит и пирсинг (обетки на носот, усните и образите).
- Не е дозволено да се носат куси здолништа, куси пантолони , куси маици, високи потпетици и облека која е тесно прилепена на телото, како и широко отворени деколтеа.
- Задолжително носење на долги пантолони (важи за девојчиња и момчиња), без разлика на временските услови.
- Не треба да се имаат неуредни и предолги нокти со упадлив лак на нив, а исто така не треба да се има шминка.
- Се забранува носење на остри предмети.

Правила за однесување на родителите:

·Да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;

·Секогаш и секаде да внимава на своето однесување и комуницирање со детето и наставниците, кое треба да биде коректно, јасно и достоинствено;

·Секогаш да служи за пример за својот изглед, однесување и да гради култура и естетски навики кај своите деца;

·Да внимава на својот морален лик

·Да има критички однос кон негативните постапки на своето дете, со цел правилен развој на детето

·Да го навикне детето навреме да поаѓа на училиште;

·Да не ја пореметува работата на часот со ненајавени и ненавремени разговори и посети;

·Родителот-старателот е должен редовно да присуствува на родителските средби, а во случај на спреченост навремено да го најави своето отсуство
·Родителот-старателот има обврска да го најави и оправда отсуството на ученикот со медицинска потврда, потврда од натпревар или некоја манифестација
·Родителот-старателот континуирано го следи напредокот и дисциплината на ученикот, индивидуално се консултира со одделенскиот раководител, предметните наставници, училишниот психолог
·Родителот има право активно да се вклучи во воспитанието на ученикот и градењето на позитивна личност

**Правила за однесување на наставникот:**
·Секој наставник да има соодветни етичко- морални и естетски квалитети
·Секој наставник е должен редовно да доаѓа на настава 15 минути пред почеток на часот
·Наставникот е должен редовно да ги одржува часовите и навремено да го најави своето отсуство
·Дежурниот наставник ја организира работната дисциплина во училиштето за непречено реализирање на наставата
·Дежурниот наставник прима странки, им дава инструкции или ги упатува на определено место
·Наставникот не смее да го напушти часот заради посета од родител
·Средбите со родителите ги одржува во посебна просторија
·Секој наставник е одговорен за нагледните средства во училиштето како и за училишниот инвентар
·Наставникот има обврска навремено да го информира педагогот во училиштето за секое несоодветно однесување на учениците во училиштето и училишниот двор .

**Кодекс на облекување на наставникот:**

- Не е прикладно да носат тексасни пантолони со апликации или пак тексасни пантолони кои се искинати.
- Непристојно е да се носат куси пантолони, дури не е во ред да се носат истите и за време на летниот период додека учениците се на летен распуст, а наставниците сè уште доаѓаат на работа.
- Не е во ред да се носат маици или кошули без ракави (маици со тенки презрамки).
- Здолништата кои ги носат наставничките не треба да бидат куси, прифатлива должина е онаа која нема да биде 2 см. над нивните колена.
- Во училиште не треба наставникот да доаѓа по папучи.

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14  1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745,  e-mail: ooukirogligorov@yahoo.com

## Куќен ред на училиштето

1. Наставата започнува во 8 часот, а завршува во 13:25 часот за учениците од петто одделение, додека за учениците од одделенска настава, завршува во 15:00 часот.

2. Во училиштето за учениците од целодневна настава е организирано прифаќање и згрижување на учениците од страна на дежурен наставник , во временски период од 15:15 до 17:00 часот.

3. Учениците се должни да доаѓаат во училиште 10 минути пред почетокот на часот.

4. Учениците треба да го напуштат училиштето по завршувањето на наставата и да не се задржуваат во училишните простории.

5. Учениците  се должни внимателно да ја следат наставата, активно да учествуваат на часот, редовно да носат училишен прибор и да ги изготвуваат домашните задачи.

6. За време на  одморите, учениците треба да се однесуваат пристојно, без непотребно задржување во ходниците.

7. Помеѓу вториот и третиот час, учениците имаат голем одмор , кој се користи за ужинка и релаксација, а се одвива во училишниот двор. Доколку временските услови се неповолни, учениците остануваат во училиштето, почитувајќи го редот и мирот во училиштето.

8. За време на часовите, мобилните телефони се исклучуваат.

9.  Учениците треба да се грижат и чуваат училишниот инвентар.

10.Секое намерно уништување на училишниот инвентар, го надоместува ученикот т.е. родителот на ученикот .

11. За  безбедноста на учениците во училиштето , се грижат  наставниците и другите вработени, како и лице од Агенција за обезбедување

**ПОЧИТУВАЊЕТО НА КУЌНИОТ РЕД ПРИДОНЕСУВА ЗА ПОГОЛЕМА ХАРМОНИЈА ВО УЧИЛИШТЕТО**

**ПРИЛОГ БР. 29**

## ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

**ВОВЕД**

Планот за заштита од загрозеност на ООУ „Киро Глигоров”Скопје, Општина Центар, од природни непогоди и други несреќи се заснова на реалната проценка за можната загрозеност на вработените, учениците и други лица кои ќе престојуваат во училиштето и на просторот околу него.

**1.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

- ЛОКАЦИЈА

ООУ „Киро Глигоров” –Скопје, Општина Центар, се наоѓа на ул. Адам Мицкиевиќ, бр. 14, како самостоен јавен училиштен објект со подрум наменет како јавен паркинг, приземје и два ката, со вкупна површина од околу 9500м2, и спортска сала од 1200 м. круг на ООУ со површина од околу 12000 м2.

Во училишниот објект има три излези. Кругот на училиштето од сите страни е ограден со метална ограда и има два влеза, од северната страна од ул. Васил Ѓоргов, од каде има и влез за паркиралиштето во подрумот на училишниот објект. Главниот влез е од источната страна од ул. Адам Мицкиевиќ. Загревањето на училиштето е со радијатори поврзано со градското затоплување (БЕГ). Има поставено 30 ППА С-9, 4 ППА ЦО2-5, во подрумот-јавниот паркинг има 5 хидранти и хидрантска опрема за гаснење со пена. Има вградено внатрешна хидрантска мрежа со 6 ѕидни хидранти на приземје, 5 ѕидни хидранти на прв кат и 5 ѕидни хидранти на втор кат. Има автоматски и рачен систем за дојава на пожар со панични светла и сирена за тревожење, има класична громобранската инсталација.

- **КЛИМАТСКО ХИДРОЛОШКИ УСЛОВИ КОИ ИМААТ ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЗАГРОЗЕНОСТА ОД ПОЖАРИ**
- Клима

Во Р. Северна Македонија се судруваат два основни климатски типови: медитеранска и континентална клима.

- Хидрографија
- Територијата на Р.С. Македонија располага со задоволителни количества вода. Во нашата земја има многу природни и вештачки акумулации од кои покарактеристични за Скопје се Матка и Козјак.

**1.2. ДЕЈНОСТА И НЕЈЗИНО ВЛИЈАНИЕ НА МОЖНОСТА ЗА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ НА НЕПОГОДИ И НЕСРЕЌИ**

ООУ „Киро Глигоров**”-** Центар, Скопје врши образовна настава за ученици од прво до деветто одделение. Дејноста со која се занимава училиштето не претставува опасност за предизвикување на природни и други несреќи. Одредена опасност за појава на пожар доаѓа од електричната инсталација, од сервер собата, кабинетите, лабараторијата. Опасноста не е голема поради самиот карактер на дејноста.

**1.3. ВЛИЈАНИЕ НА НЕСРЕЌИТЕ И НЕПОГОДИТЕ ВО ОБАВУВАЊЕТО НА ДЕЈНОСТА**

Природните и други непогоди можат да предизвикаат негативни последици по обавување на дејноста. Како последици од земјотреси, пожари, експлозии и други несреќи може да дојде до појава на урнатини, прекини на довод на електрична енергија, вода и телефонски врски, опожарени простории, дефекти на канализационите мрежи, урнатини и друго. Во потешки случаи може да дојде до појава на повредени ученици и вработени, па дури и до човечки загуби.

**1.4. ОБЈЕКТИ И КАПАЦИТЕТ**

ООУ „Киро Глигоров” – Скопје е самостоен новоизграден училиштен објект, изработен по светски стандарди во врска со сигурноста и заштитата.

**1.5. Густина на изграденоста на Училишните и други објекти**

Растојанието меѓу објектите на изградената локација е према урбанистичкиот план и ги задоволува позитивните норми од тој аспект.

**1.6.СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Сообраќајната инфраструктура до ООУ „Киро Глигоров” и околу објектот на училиштето, ги задоволува пропишаните безбедносни и други стандарди за сообраќај на специјалните возилата за заштита.

**1.7. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ**

Во ООУ „Киро Глигоров” има вработено вкупно 60 лица : директор, административен и наставнички кадар, лица за одржување и опслужување на училиштето. Учат вкупно 754 ученици од прво до деветто одделение.

**2. ПРОЦЕНКА НА МОЖНИ РИЗИЦИ НА ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПРИРОДНИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ**

-**Загрозеност од земјотреси**: Имајќи ги во предвид евентуалните земјотреси во град Скопје, со вработените и учениците два пати годишно се изведува симулациска вежба.

**-Засолништа :** Училиштето има подрум за адаптирање на засолништа.

**-Евакуација:** По дознавањето за настаната опасност веднаш се дава сигнал за опасност - евакуација и истата се изведува според планот за мобилизирање на вработените и учениците.

-**Загрозеност од поплави:** Веднаш да се превземат мерки за превенција и заштита според Планот за заштита на природни непогоди.

**-Загрозеност од урнатини:**Превентивни мерки и активности се планираат и спроведуваат со урбанистичкото планирање.

**-Загрозеност од снежни намети и луњи:** Во текот на зимските снежни денови редовно чистење на снегот и попрскува со сол и песок така да е пристапноста да редовна.

**-Загрозеност од пожари и експлозии:** Да се придржува кон мерките и Планот за евакуација и заштита.

**-Загрозеност од неексплодирани убојни средства:** Во таков случај вработените се должни да ја известат Дирекцијата за заштита и спасување на РСМ како и полицијата

**-Прва медицинска помош :** Сите повредени веднаш се пренесуваат до собирните места. Доколку е можна прва помош им се пружа на самото место на повредување. Повредените се пренесуваат по патиштата предвидени за евакуација.

**-Загрозеност од епидемии на заразни заболувања:** Од страна на Заводот за Здравствена заштита - Скопје редовно се врши надзор на квалитетот и бактериолошката исправност на водата во училиштето, како и санитарно - хигиенски надзор на работните површини и хигиена на вработените во училиштето. Надлежна служба од Заводот по барање на Установата, врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просториите во сите објекти .

**-Загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација:** При евентуални случаи на радиолошка, хемиска и биолошка контаминација, за спроведување на постапка за детекција, дозиметрија и деконтаминација ќе се остварува во соработка и содејство со:

- Министерство за здравство;

- Дирекцијата за радиациона заштита;

- Дирекцијата за заштита и спасување;

- Управата за хидрометеоролошки работи;

- Министерството за одбрана;

- Републичкиот завод за здравствена заштита;

- По потреба и со други органи и институции

Евакуацијата се извршува доколку со другите мерки не е можно да се спречат последиците од евентуалните природни и други несреќи. По дознавањето за настаната опасност веднаш се дава сигнал ,,опасност- евакуација“ со долго и непрекинато ѕвонење од 30 секунди на училишното ѕвонче или со сирена, а во вонредни случаи и усно со сигнал. Потоа се врши мобилизирање на Штабот за ЗС, Универзалната Единица составена од две Универзални одделенија и обучените поединци за ЗС. Мобилизацијата ја врши Директорот-Командантот на штабот за ЗС на ООУ. Во моментот на непогодата наставниците кои одржуваат настава им кажуваат на учениците како да постапат: да се засолнат под клупи, маса (биро) или под отворот на врата, да не создаваат паника, да не го користат лифтот, а доколку се надвор од објект за време на земјотресот - да се одалечат од згради, електрични столбови, стаклени површини и др. Под надзор, вработените им помагаат на испаничените, и во најголем ред да го напуштаат објектот по предвидените правци за евакуација. Приоритет се дава на учениците и повредените, а истата треба да се врши со помош на скали од страна на Универзалната Единица за ЗС на училиштето и Општинскиот штаб за Заштита и спасување и обучените поединци вработени и наставничкиот персонал кои треба да бидат добро обучени за спасување со помош на скали. Ако при преброjувањето има некој од учениците или вработените останат во училишниот објект се активира Единицата за ЗС и врши пребарување спрема насоките за безбедност од спасување од урнатини-рушевини. Лицата задолжени за спроведување на евакуација ги преземаат неопходните мерки за пружање помош и давање упатство на загрозените лица и последни го напушта загрозеното место.

Во случај на земјотрес, со цел ублажување на последиците, вработените кои се наоѓаат во објектот, потребно е: да ги извлечат и обезбедат материјалните добра од урнатините и оштетените објекти, да организираат прифат и помош на настраданите, плакарите, рафтовите, витрините, предметите и сл. да бидат прицврстени за ѕидот или подот, за да во случај на земјотрес не дојде до нивно паѓање и до повредување на лицата при евакуација, да не се предизвика паника меѓу луѓето и да се засолнат под маса (биро) или под отворот на врата или под некој цврст стабилен предмет. Во услови на природна непогода, многу често се наметнува потребата за евакуација на подвижните имоти, било со цел спасување на истите, спречување на ширење на природните непогоди што претставува препрека на учесниците во акцијата за ЗС.

Во случај на појава на урнатини од било кој вид и обем, заради заштита и спасување на учениците и вработените, потребно е, покрај превентивни мерки за ЗС од урнатини (прибирање на податоци за можната опасност, известување на вработените и силите за заштита и спасување на можната опасност, зголемена готовност на одговорните лица и силите за ЗС, проверка на алармите за тревожење, по потреба дислокација на дел од опремата и материјал на побезбедни места, проверка на исправноста на МТС и опрема, по можност и набавка на нови и ажурирање на планските документи за ЗС од урнатини), да се планираат и мерки за заштита од последиците од урнувањето, и тоа: по можност да се даде знак за тревога, до собирањето на составот на УЕ за ЗС, одговорниот (Директорот) да ги организира вработените кои се на работа (обучени поединци) или да ја дополни УЕ со присутните вработени кои се обучени за ЗС и ја започнува акцијата за ЗС, извидување и пребарување на урнатините и извлекување на затрупани лица и нивно сместување во собирното место. Постапност на акцијата за спасување од урнатини:

- **Прва фаза -** Извидување и згрижување на површински и лесно затрупани жртви, пред се преку самопомош и помош на најблиските
- **Втора фаза** - Пребарување на лесно оштетени објекти (се дејствува организирано, силите се делат по екипи, а се ангажираат сите вработени)
- **Трета фаза** – Пребарување на потешко оштетени објекти каде може да има и жртви.
- **Четврта фаза** – Пребарување на тешко оштетени објекти (движењето по објектите треба да биде многу стручно и внимателно. Потребно е потпирање и осигурување на премините за спасувачите и нивна добра обученост).
- **Петта фаза** – Потполно расчистување на урнатините по констатација дека се спасени или извлечени сите затрупани, пружање на прва медицинска помош на повредените, исклучување на електричната енергија во загрозените објекти, преземање на други мерки за спречување на дополнителни последици (пожари, експлозии, поплави, НУС).

За отстранување на последиците, потребно е да се превземат следните мерки и активности: асанација на теренот и објектите – Во соработка со Центар за јавно здравје Скопје, расчистување на урнатините, РХБ деконтаминација (по потреба), санација на подрачјето и објектите зафатени со несреќата, спроведување на здравствено и хигиено-епидемиолошки мерки, соработка со Центар за јавно здравје Скопје, процена на штетите и последиците, анализа на учеството во спроведувањето на мерката и доставување извештај за спроведување на евакуацијата до Подрачно одделение за заштита и спасување за употреба на силите за ЗС и ангажираните служби.

Во сите објекти континуирано се преземаат мерки за заштита и од површински води кои можат да настанат при обилни врнежи и нагло топење на снег. Изградена е атмосферска канализација и одводни канали околу училиштата и објектите. Заради ефикасна ЗС од поплави се одредуваат критичните места на кои може да дојде до навлегување на водата во дворното место на училиштето и во приземјето на училиштето. Прва и основна задача е заштита на животите и здравјето на Учениците - децата и вработените, така да првата мерка е евакуација на побезбедни

(повисоки ) места, согласно Планот за евакуација. Во случај на поплава, со цел ублажување на последиците од истиот, прва и основна задача е заштита на животите и здравјето на учениците и вработените е евакуација на побезбедни (повисоки) места на катовите, согласно Планот за евакуација, да се обезбеди дихтување на влезните отвори на приземјето со вреќи со песок за да се спречи првиот бран на надојдени води. Во случај на екстремно голема количина на вода ако евакуацијата не е можна, вработените и учениците треба да се качат на катот и да побараат помош. Откако учениците ќе бидат обезбедени, Штабот за ЗС, Универзалната единица и обучените поединци за ЗС, пристапува кон спасување на материјални технички средства согласно Планот за евакуација. Со цел ублажување на последиците од поплава, ООУ „Киро Глигоров”–Скопје, Општина Центар, потребно е: доколку подрачјето е подлежно на чести поплави и интензивни врнежи од дожд, порано да се напушти објектот, да се затвори главниот вентил на водоводната и хидрантската мрежа, да се изврши добро дихтување на прозорците и вратите од приземните простории, да се побара помош како советодавна така и техничка од Дирекцијата за заштита и спасување на Скопје и со оглед на тоа дека по подот на училиштето има разни кабли под напон и постои опасност по животот на луѓето од спроведување на струја преку надојдените води (поплавата), потребно е благовремено исклучување на електричната струја од главната склопка од лицето одредено за тоа или од лице за обезбедување на ООУ. За настанот, последиците преземените мерки и активности се известува Центарот за управување со кризи на телефон 195. По завршувањето на поплавата да се ангажира едно УО од Единицата за ЗС, со крпи џогери и канти да се собере водата и да се изврши санација на поплавениот дел.

За заштита и спасување од пожари, потребно е да се превземат следните превентивни мерки и активности: вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа, изработка на Правилник за заштита од пожари и експлозии, набавка, контрола, одржување и сервисирање на МТС и опрема за гасење и заштита од пожари, придржување кон законските одредби кои ја регулираат областа за заштита и спасување од пожари (пред сé: Законот за заштита и спасување од пожари дел за ППЗ и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон а се однесуваат на ПП апаратите, хидрантите и другата ПП опрема и средства за гасење на пожари, односно уредите и инсталациите за заштита од пожари), соодветна обука на вработените за заштита од пожари (согласно Законот за пожарникарство истакнување на видливи места на знаци и натписи за предупредување забрани и известување за можни опасности и постапка во случај на опасност), редовна контрола на поставеноста и исправноста на ПП апаратите и хидрантите од овластен вработен, редовно сервисирање и проверка на исправноста на ПП апаратите кај овластено правно лице, редовно одржување, сервисирање и испитување на уредите и инсталациите за откривање и гасење на пожари-кај овластено правно лице, проверка на исправност, комплетност и притисок кај хидранти, редовно косење на тревата во училишните дворови, редовна проверка и чистење на оџаците, парните котли и димоводните канали соглано правилникот од Сл.весник на РМ бр.146/10,со записник, во ООУ да се одржува хигиена без никаков запалив материјал, да се обезбеди природна и вештачка вентилација и да се применат сите позитивни прописи предвидени во нормативните акти за резервоари и котлара на нафта, сите

излези и премини да бидат секогаш и во секое време слободни за непречено поминување (препречувањето на овие места е забрането), електричните инсталации и уреди во сите делови на објектот мора да бидат изведени според техничките прописи. Во случај на настанување грешки (дефекти) на електричните инсталации и уреди, поправка можат да вршат само лица со соодветна квалификација и стручна оспособеност, целокупната електрична инсталација по завршувањето со работа, треба да се исклучи, односно вклучени да останат само уреди како што се: панично и помошно светло, други критични потрошувачи како вентилација – климатизација, пристапните патишта околу објектот, во секое време треба да бидат проодни за непречен пристап на противпожарната техника и опрема во случај на потреба, грејните уреди од системот за затоплување на просториите во објектот може да се користат само ако се технички исправни, периодичните прегледи и испитувања на јакострујните електрични инсталации, громобранската инсталација, сигурносните уреди од инсталации и сите други сигурносни уреди и инсталации да се вршат според техничките прописи и правилата усвоени со правилата на техничката практика. За успешна и ефикасна заштита од пожари, посебно внимание треба да се посвети на урбанистичките и градежните мерки и тоа во однос на: микролокација на објектите, вградување на инсталации, уреди и средства отпорни на пожари, изградба на сообраќајници и патишта, како и слободни површини за ефикасна интервенција, намалување на пожарна осетливост на објектот, мерки кои овозможуваат локализација и спречување на ширење на пожарот, мерки кои овозможуваат успешна интервенција при гаснење на пожар и спасување на луѓе, материјалните и други добра, забранета е употреба на грејни тела (греалки, решоа, печки, пегли и сл.), а во случај на употреба обавезно да не се оставаат без контрола, односно да има присутно лице, сите врати во ООУ преку кои може да се врши евакуација, да бидат одклучени се додека има ученици и вработени во училиштето, до грејните тела на растојание од 1 метар да не се остава никаков запалив материјал, изградба на хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција, воведување на систем за автоматска и рачна дојава на пожар и исправна громобранска инсталација.

Во случај на пожар, со цел ублажување на последиците од истиот, потребно е: лесно запаливите материи да бидат сместени на посигурно место, да се употреби противпожарен апарат и хидрант, да се провери изворот од каде доаѓа огнот, лицата зафатени од пожар да се движат спротивно од огнот, правците за евакуација да се видно означени, да се слободни во секое време, да се определени алтернативни правци за евакуација (во такви услови струјата обавезно да се исклучи од одредено лице за тоа), на собирното место да се врши пребројување на евакуираните лица со цел дали сите се евакуирани од загрозениот објект, доколку е неопходно движењето во правец на огнот или чадот, лицето/та да се покријат со водено ќебе или крпа, особено во делот на носот и устата (дишните органи) и по напуштањето на опожарениот објект да не се враќаат во него, а доколку оние кои се наоѓаат во опожарениот објект не можат истиот да го напуштат, да се соберат во една најбезбедна просторија, вратите да се задихтуваат со мокра крпа, ќебе и сл, да не влегува дим да се отвори прозорот и да се сигнализира својата положба.

Во случај на пожар Штабот за ЗС, Универзалната Единица со две Универзални Одделениа и обучените поединци - вработени се должни: да пристапи кон гаснење на пожарот со ПП Апарати и хидранти, се јави во ТППЕ на Скопје и да побара помош ако е потребно, да се придржува

кон мерките од Правилникот за заштита од пожари и експлозија, да се придржуваат на планот за заштита, спасување и евакуација, да го лоцираат пожарот, да не им се кажува на учениците дека има пожар, да ја исклучи електричната струја од главната склопка, учениците и загрозените да се упатат кон излезите кои се обележани на планот за евакуација со забрзани чекори со мокра крпа на дишните органи, без паника наставниците да ја спроведат мерката евакуација преку излезите и алтернативните излези и да извршат пребројување на учениците и другите лица дали сите го напуштиле објектот и се на безбедно место.

Во случај на пронаоѓање на НУС или било каков сомнителен преглед, веднаш се оддалечуваат учениците - децата и вработените на безбедна далечина и на безбедно место, каде нема директна визуелна линија кон предметот, односно во безбеден објект. Истовремено (на безбедна оддалеченост) се поставува стража која нема да дозволи пристап. Веднаш се повикува полиција на телефон 192 или Центар за управување со кризи тел. 195 или Дирекција за заштита и спасување надлежна за НУС тел. _______________. Се преземаат навремено и континуирано заради ефикасно спроведување за во случај на активирање на оперативни мерки: оспособување на Штабот за ЗС, Универзалната единица и обучените поединци за ЗС за пружање прва помош, одржување вежби, обезбедување неопходни количини на санитетски средства, лекови и помагала и нивно одржување во исправна состојба односно рок на траење, обезбедување стручен кадар во работен однос обучен за давање прва медицинска помош и определување собирни места за повредени, сите повредени веднаш се пренесуваат до собирните места, доколку е можна прва помош им се пружа на самото место на повредување, повредените се пренесуваат по патиштата предвидени за евакуација по правила, за лицата со потешки повреди после укажаната медицинска помош, се повикува прва медицинска помош која ќе ги транспортира до здравствените установи (Градска болница, Итна медицинска помош, Клинички центар - Скопје) до кои што од училиштето на ООУ „Киро Глигоров”–Скопје, Општина Центар, водат брзи сообраќајници.

И покрај подобрениот степен на водоснабдување, подобрување на санитарно-хигиенската состојба, урбанизација на населените места, степенот на здравственото воспитание на населението и вкупниот развој на превентивната медицинска заштита имаат огромно влијание врз намалувањето на заразните заболувања, но сепак епидемиолошката состојба во РСМ е сеуште несигурна. Во самиот објект, како и во околината може да дојде до загрозеност и појава на епидемии и заразни заболувања доколку вработените и учениците не се придржуваат кон прописите за одржување на хигиена, и избегнување на блиски контакти со инфицирани лица и другите лица кои престојуваат и доаѓаат во ООУ, од канализациони системи и кои може да допринесат до загадување на водите кои се користат во одредени процеси.

Современите услови за живеење и работа, како и посериозниот техничко-технолошки развој, во голема мера придонесуваат за зголемување на степенот на загрозување од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација, како и од акциденти со опасни материи. Загрозувањето од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација на ООУ „Киро Глигоров”–Скопје, Општина Центар, може да претставува

евентуално екстерно загрозување и хаварија или пожар во рафинеријата за нафта ОКТА. При евентуални случаи на радиолошка, хемиска и биолошка контаминација, за спроведување на постапка за детекција, дозиметрија и деконтаминација ќе се остварува соработка и содејство со: Министерство за здравство, Дирекцијата за радиациона заштита, Дирекцијата за заштита и спасување, Управата за хидрометеоролошки работи, Министерството за одбрана, Републичкиот завод за здравствена заштита, а по потреба и со други органи и институции,

Согласно Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04 и 49/04), извршена е проценка на потребите и можностите за организација и раководење со заштитата и спасувањето и организирање на сили за заштита и спасување во ООУ „Киро Глигоров"–Скопје, Општина Центар. Раководењето и командувањето со силите за заштита и спасување е организирано хиерархиски, по вертикала, ШТАБ-КОМАНДА-ПОМОШНИЦИ-ИЗВРШИТЕЛИ. Наредбите на повисокиот старешина, за извршување на определени мерки и активности уредени со Планот за заштита и спасување, се задолжителни за обврзниците во силите за заштита и спасување од понизок ранг. Организацијата на раководењето и командувањето со силите за заштита и спасување во ООУ, формиран е: Штаб за Заштита и спасување и Универзална Единица за заштита и спасување во ранг на вод со две Универзални одделенија и обучени поединци за прва медицинска помош, гаснење на помали и почетни пожари, спасување од рушевини и поплави, спасување, евакуација и згрижувања на загрозени лица, отстранување на последици од техничко-технолошки и несреќи од помал обем.

Опремувањето на ООУ, со опрема за заштита и спасување од природни и други несреќи, извршено е согласно Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување, донесена од Владата на Р. Македонија бр.19-5482/1 од 21.11.2006 год. како и согласно Техничките прописи за изградба. Исто така опремувањето е фундирано и врз основа на проценката на особеностите за опасностите од природни и други несреќи. Таа е опремена и да се доопреми со: ПП апарати за гасење на пожар, хидранти помошни алатки, скали и гумени обувки носила и санитетски материјал и друго.

Се спроведуваат редовни контроли и сервисирање на противпожарните апарати, исправноста на хидрантите, водоводната мрежа, и електричната инсталација. Да се постави систем за автоматска и рачна дојава за пожар. Систем за мониторинг обезбедување нема. Да се изврши поправка на громобранската инсталација према позитивните законски прописи. Во сите деловни простории да има поставено знаци за забрана, известување и предупредување од аспект на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи.

Во ООУ има вработено вкупно 60 лица, и учат вкупно 754 ученици од прво до деветто одделение. Наставата се одвива во прва смена од 8.00 до 15.00 часот. Во објектот има 30 ППА С-9, ППА С-50 – 4парчиња и 4- ППА ЦО2-5 распоредени по сите катови. Во подрумот-јавниот паркинг, има 5 хидранти и хидрантска опрема за гаснење со пена. Има вградено внатрешна хидрантска межа со 6 ѕидни хидранти на приземје, 5 ѕидни хидранти на прв кат и 5 ѕидни хидранти на втор кат. Има автоматски и рачен систем за дојава на пожар, громобранската инсталација да е во исправна состојба.

**ПРИЛОГ БР. 30**

## План за евакуација

Во случај на итност обезбедени се потребен и прописен број на евакуациони коридори, т.е можност за оддалечување од просторот на објектот за најкратко и најбрзо време, без било какви препреки и во најнеповолен случај кога би дошло до опожарување на дел од објектот. Во случај на евентуален пожар обезбеден е прописен број на излези од објектот согласно бројот на присутни во објектот (500) при што:

- Овозможена е евакуација на вработените и учениците на излезите.
- Предвидениот број на излези и коридори за евакуација, прегледноста на евакуацуионите патишта, излезните врати кои се со прописни димензии и голема пропусна моќ, овозможуваат брзо и непречено напуштање на објектот во случај на итност, директно на слободен и безбеден простор.
- Патиштата за евакуација се прегледни, широки и релативно кратки во согласнсот со архитектонското решение како и бројот и локацијата на излезите во случај пожар.
- Како главна комуникација по која се одвива движењето е предвидено средишното скалишно јадро.
- Излезните врати од просторот, како и на внатрешни комуникации и патиштата за евакуација ќе бидат означени и осветлени со нужно и сигурносна панично  светло, кое ќе свети мин. 2часа и дава осветленост од 1lx на висина од 20 см од подот.
- На елементите од сигурносните панични светилки ќе има ознаки со одредена големина, кои се видливи и јасно ќе ги означуваат излезите и правците на излезите во случај на итност.

**Излези и патишта за евакуација на загрозени  лица и материјални  добра од пожари и експлозии**

По сите евакуациони комуникации и над излезните врати ќе се постават сигурносни панични светилки со натписи (пиктограми) кои ќе ги прикажуваат излезите и правците за движење во случај на опасност.
Покрај општото светло во објектот е проектирано и панично светло со поставени светилки со вграден акумулатор. Овие светилки се во случај на испад на мрежен напон и го покажуваат најкусиот пат за евакуација.
Надворешните и внатрешните комуникации обезбедуваат брза и сигурна  евакуација на загрозените лица и материјалните добра.
Вработените и учениците во случај на пожар ќе се евакуираат преку ходниците и скалите кои се со соодветна широчина и излезите

надвор од објектот. Истите се така организирани да евакуацијата е можна од секоја просторија кон надвор по најкраток пат. Внатрешните патишта за евакуација се долж ходници и низ главното скалишно јадро изведено од армирано бетонска конструкција со пожарна отпорност од 3-4 часови.
Согласно капацитетот на училиштето предвидени се два излези за евакуација



Собирното место по евакуација на присутните од објектот, треба да биде оддалечено на околу 20 метри од објектот.

За објектот е изготвен план за заштита и спасување во случај на пожар како присутните без паника и гужва би го напуштиле објектот.




Насоката на евакуација во објектот е дадена на мапите за евакуација.


ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - ЕВАКУАЦИЈА
ОУ КИРО ГЛИГОРОВ
основа на прв кат
ЛЕГЕНДА НА ГРАФИЧКИТЕ СИМБОЛИ
- ВИЕ СТЕ ТУКА
- НАСОКА НА ЕВАКУАЦИЈА
- ПАНИЧНО СВЕТЛО
- РАЧЕН АПАРАТ ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР "S9"
- ПРОТИВПОЖАРЕН ХИДРАНТ Ф2
- РАЧЕН АПАРАТ ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР "CO2-5"
- РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
PT - РАЗВОДНА ТАБЛА
ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР
- ВЕДНАШ ПО ЗВУЧНИОТ АЛАРМ НАПУШТЕТЕ ГО ОБЈЕКТОТ;
- ЗАТВОРЕТЕ ГИ ВРАТИТЕ ПО ИЗЛЕГУВАЊЕ;
- ДОКОЛКУ ИМА ЧАД ОСТАНЕТЕ ДОЛУ КАДЕ ШТО ВОЗДУХОТ Е ПОЛАДЕН И ПОЧИСТ;
- ДОКОЛКУ НЕМА ЗВУЧЕН СИГНАЛ НА ПАТОТ ЗА ЕВАКУАЦИЈА, ВКЛУЧЕТЕ ГО НАЈБЛИСКИОТ АЛАРМ;
- ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР, НЕ ГИ КОРИСТЕТЕ ЛИФТОВИТЕ;
- КОГА СТЕ ВЕЌЕ ИЗЛЕЗЕНИ, НЕ СЕ ВРАЌАЈТЕ НАЗАД;
- ДОКОЛКУ ГОРИ ВАШАТА ОБЛЕКА, ЗАСТАНЕТЕ, ЛЕГНЕТЕ И ТРКАЛАЈТЕ СЕ;
- БРЗО ОЛАДЕТЕ ГИ ИЗГОРЕНИЦИТЕ СО ВОДА И ПОБАРАЈТЕ МЕДИЦИНСКА ПОМОШ.
192 - ПОЛИЦИЈА
193 - ПРОТИВПОЖАРНА СЛУЖБА
194 - БРЗА ПОМОШ


ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - ЕВАКУАЦИЈА
ОУ КИРО ГЛИГОРОВ
основа на приземје
ЛЕГЕНДА НА ГРАФИЧКИТЕ СИМБОЛИ
- ВИЕ СТЕ ТУКА
- НАСОКА НА ЕВАКУАЦИЈА
- ПАНИЧНО СВЕТЛО
- РАЧЕН АПАРАТ ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР "S9"
- ПРОТИВПОЖАРЕН ХИДРАНТ Ф2
- РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- РАЗВОДНА ТАБЛА
ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР
- ВЕДНАШ ПО ЗВУЧНИОТ АЛАРМ НАПУШТЕТЕ ГО ОБЈЕКТОТ;
- ЗАТВОРЕТЕ ГИ ВРАТИТЕ ПО ИЗЛЕГУВАЊЕ;
- ДОКОЛКУ ИМА ЧАД ОСТАНЕТЕ ДОЛУ КАДЕ ШТО ВОЗДУХОТ Е ПОЛАДЕН И ПОЧИСТ;
- ДОКОЛКУ НЕМА ЗВУЧЕН СИГНАЛ НА ПАТОТ ЗА ЕВАКУАЦИЈА, ВКЛУЧЕТЕ ГО НАЈБЛИСКИОТ АЛАРМ;
- ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР, НЕ ГИ КОРИСТЕТЕ ЛИФТОВИТЕ;
- КОГА СТЕ ВЕЌЕ ИЗЛЕЗЕНИ, НЕ СЕ ВРАЌАЈТЕ НАЗАД;
- ДОКОЛКУ ГОРИ ВАШАТА ОБЛЕКА, ЗАСТАНЕТЕ, ЛЕГНЕТЕ И ТРКАЛАЈТЕ СЕ;
- БРЗО ОЛАДЕТЕ ГИ ИЗГОРЕНИЦИТЕ СО ВОДА И ПОБАРАЈТЕ МЕДИЦИНСКА ПОМОШ.
192 - ПОЛИЦИЈА
193 - ПРОТИВПОЖАРНА СЛУЖБА
194 - БРЗА ПОМОШ

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 02/6142-745, e-mail: ooukirogligorov@yahoo.com

**Годишен извештај за работата на ООУ „Киро Глигоров“ во учебната 2023/2024 година**

**Тим кој учествувал во изработката на Годишниот извештај за работа на училиштето:**

- Билјана Билбиловска - директор
- Марина Стојановска - педагог
- Дијана Митевска - психолог
- Жане Шаркова – библиотекар
- Сања Пејчиновска Крстиќ- предметен наставник
- Павлинка Цонева – предметен наставник

Скопје, 10.7.2024 год. **МП**

____________________________ ____________________________

**Претседател на Училиштен одбор** **Директор**

**Александра Анчева** **Билјана Билбиловска**